Влада на Република Северна Македонија
**Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој**

Врз основа на Анекс А клаузула 6б став 1 точка 6 од Законот за ратификација на Рамковната спогодба за финансиско партнерство помеѓу Европската Комисија и Република Северна Македонија застапувана од Владата на Република Северна Македонија за посебните постапки за спроведување на финансиската помош на Унијата за Република Северна Македонија според инструментот на претпристапна помош (ИПА 3) („Службен весник на Република Северна Македонија,, бр. 235/22) и врз основа на ИПАРД Програмата 2021-2027 и член 6 Уредбата за начинот и постапката за користење на финансиска поддршка за мерките за рурален развој финансирани од ИПАРД Програмата 2021-2027, („Службен весник на Република Северна Македонија,, бр. 88/23)

**Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој**

на 01 септември 2023 година објавува

# ЈАВЕН ПОВИК бр. 01/2023

за доставување на барања за финансиска поддршка од
ИПАРД Програмата 2021-2027

## ДЕЛ I

1. Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (во понатамошен текст: Агенцијата) како надлежна институција и договорен орган за спроведување на Инструментот за претпристапна помош за рурален развој на ЕУ (ИПАРД) ги повикува сите заинтересирани физички и правни лица од Република Северна Македонија да доставaт барања за финансиска поддршка од ИПАРД Програмата 2021-2027 за следните мерки:

   **1. Инвестиции во основни средства на земјоделските стопанства**

   **7. Диверзификација на фарми и развој на бизниси.**

2. Финансиската поддршка за овој Јавен повик е составена од 75% средства обезбедени од Инструментот за претпристапна помош за рурален развој на Европската Унија (ИПАРД) согласно ИПАРД Програмата 2021-2027 и 25% средства обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија.

3. **Финансиски средства по поединечно барање** се доделуваат како неповратна финансиска поддршка (грант) во износ од:

3.1. 60% од вредноста на вкупно прифатливите трошоци на инвестициите за мерка Инвестиции во основни средства на земјоделски стопанства. Процентот се зголемува до 65% за инвестиции во земјоделски стопанства во планинските области согласно Листата на планински области и 70% за инвестиции во земјоделски стопанства предложени од страна на млади земјоделци (физички лица на возраст од 18 години до 40 години на денот на поднесување на барањето за финансиска поддршка)

3.2. 60% од вредноста на вкупно прифатливите трошоци на инвестициите за мерка Диверзификација на фарми и развој на бизниси. Процентот се зголемува до 70% за инвестиции предложени од млади земјоделци и/или сертифицирани органски производители и за колективни инвестиции.

Највисокото кумулативно/комбинирано ниво на поддршка не смее да **надминува 75%.**

4. Крајниот рок за поднесување на барањата е 15 октомври 2023 година

**Вкупната финансиска поддршка во рамките на овој јавен повик за мерката 1 "Инвестиции во основни средства на земјоделските стопанства" изнесува 18.893.333,33 евра или 1.171.764.533,33 ден денари, додека за мерката 7 "Диверзификација на фарми и развој на бизниси" 11.400.000,00 евра односно 707.028.000,00 денари.**

**Напомена: договорите за финансиска поддршка за овој јавен повик ќе бидат склучени по потпишување на финансиската спогодба помеѓу Европската Комисија и Република Северна Македонија за имплементација на ИПАРД Програмата 2021-2027.**

5. Подигнување на обрасци и упатства:

Потребните обрасци како „Барање за финансиска поддршка од мерка 1 **Инвестиции во основни средства на земјоделските стопанства** ", и „Упатство за корисници од мерка 1 **Инвестиции во основни средства на земјоделските стопанства**" како и „Барање за финансиска поддршка од мерка 7 **Диверзификација на фарми и развој на бизниси**" и „Упатство за корисници од мерка 7 **Диверзификација на фарми и развој на бизниси**" во кои се содржани сите информации за критериумите, условите за прифатливост на проектите и условите за финансирање и останати информации кои се неопходни за изготвување на барање за финансиска поддршка по соодветна мерка од ИПАРД Програмата 2021-2027, Упатство за изготвување на Деловен План / Технички Предлог Проект, Упатства за издавање на неопходната документација од надлежните институции и останати корисни информации во електронска верзија може да се превземат од веб-адресата на Агенцијата: www.ipardpa.gov.mk .

Печатените обрасци од барањето за финансиска поддршка и Упатство за корисници на средства за секоја мерка одделно може да се подигнат директно во Агенцијата на адреса:**Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој,**

**бул. 3-та Македонска бригада бр.20, (згр. Македонија Табак блок Ц), 1000 Скопје** и во најблиските регионални центри или работни единици на **Агенцијата за поттикнување на развој во земјоделството** секој работен ден **од 8:30 до 16:30 часот**. (Листата на регионални центри или работни единици на Агенцијата за поттикнување на развој во земјоделството со податоци за контакт е објавена на веб-адресата www.ipardpa.gov.mk).

6. **Начин на поднесување на барањето:**

Корисникот треба да пополни и поднесе Барање за финансиска поддршка за поединечна мерка, Деловен План или Технички предлог изработени согласно Упатството за изработка на Деловен План или Упатството за изработка на Технички предлог проект и придружна документација како што е наведена во овој Јавен Повик.

Пополнетото Барање за финансиска поддршка од соодветната мерка заедно со Деловниот план/Техничкиот предлог проект и целокупната потребна документација се доставуваат во затворен плик со назнака на предната страна на пликот во горниот лев агол "НЕ ОТВАРАЈ" за Јавен повик ИПАРД Програма 2021-2027 број 01/2023 и назначување на мерката за која се поднесува барањето. Барањето може да се достави по пошта како препорачана пратка или лично во писарницата на Агенцијата.

**Напомена:** Заради извршувањето на контролата на терен од страна на Агенцијата потребно е корисникот да има кај себе копии од целокупната документација доставена до Агенцијата.

**Подетални информации на контакт тел. (02) 3097-460, 070/229-434 (сектор за одобрување на проекти), 070/229-328 (сектор за одобрување на исплати) или на контакт е-маил адреса:** ipardpa.info@ipardpa.gov.mk **и на веб-страната:** www.ipardpa.gov.mk .

## ДЕЛ II

## ИНВЕСТИЦИИ ВО ОСНОВНИ СРЕДСТВА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ СТОПАНСТВА

1. Финансиската поддршка за мерката **Инвестиции во основни средства на земјоделските стопанства** е наменета за земјоделско производство во приоритетните сектори: растително производство, сточарство, рибарство, преработка и директен маркетинг на сопственото земјоделско производство на фарма, производство на енергија од обновливи извори за сопствена потрошувачка

2. Тип на инвестиција

   - **Растително производство:** (i) житни култури, (ii) индустриски и фуражни култури, (iii) зеленчук (вклучувајќи компир, јагоди), (iv) повеќегодишни култури (овоштарници, вклучувајќи трпезно грозје и маслинови дрвја, (v) лозови насади, (vi) други култури од Анекс I кои не се поддржани во рамките на Мерката 7 ;

   - **Сточарство:** (i) говеда (за: млечно говедарство, гоење), (ii) свињи (за: репродукција, гоење), (iii) овци и кози (за: млечно овчарство, козарство, гоење), (iv) живина (кокошки несилки, пилиња одгледувани за производство на месо - бројлери), (v) други добиток од Анекс I што не е поддржан во рамките на Мерката 7;

   - **Рибарство:** фарми за аквакултура за слатководни риби ;

   - **Преработка и директен маркетинг на сопственото земјоделско производство на фарма:** (i) Млеко и млечни производи, (ii) Јајца, месо и производи од месо; (iii) Овошје и зеленчук, вклучувајќи компири и мешункасти култури; (iv) жита, мелничарски производи и скроб; (v) Растителни и животински масла и масти; (vi) Шира, сок од грозје, вино, други ферментирани пијалоци, алкохолни пијалоци и оцет; (vii) Риба и производи од риба; (viii) Производство на храна за добиток и фуражни култури;

   - **Производство на енергија од обновливи извори за сопствена потрошувачка,** преку преработка на растителни и животински производи од примарна и секундарна биомаса за производство на биогас и/или биогорива, користење на сончева енергија, ветерници, геотермална енергија итн .

3. **Корисници**

I. Земјоделско стопанство регистрирано во Единствениот регистар на земјоделски стопанства при Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство (во

понатамошниот текст: ЕРЗС) како семејно земјоделско стопанство претставувано од физичко лице или од индивидуален земјоделски производител или како земјоделско стопанство претставувано од правно лице.

- Земјоделското стопанство - корисник кое предлага инвестиции во растително производство, како и сите производни капацитети (производствениот план) на земјоделското стопанство, треба да бидат евидентирани во ЕРЗС пред да аплицира за поддршка.

- Земјоделското стопанство - корисник кое предлага инвестиции во започнување на сточарско производство треба да биде регистрирано како земјоделско стопанство во ЕРЗС и во Регистарот за идентификација на животни пред поднесување на конечното барање за исплата.

- Земјоделското стопанство - корисник кое предлага инвестиции во преработка на земјоделски производи и маркетинг треба да биде регистрирано како оператор на храна во согласност со Законот за безбедност на храна во Агенција за храна и ветеринарство пред поднесување на конечното барање за исплата.

I.1 Семејното земјоделско стопанство е преставувано од физичко лице кое е член на земјоделското домаќинство. Физичкото лице е овластено, од страна на сите други членови од земјоделското домаќинство, да го претставува земјоделското стопанство пред надлежните органи и да управува со него. Овластениот претставник и останатите членови на земјоделскотодомаќинство мора да живеат на иста адреса која е наведена како седиште на земјоделското стопанство, без оглед на локацијата на земјоделскиот имот (земјиште и објекти).

I.2 Индивидуален земјоделски производител е физичко лице кое се занимава со земјоделство за негови нејзини лични потреби како сопственик на земјоделскиот имот или кој има право на користење на земјоделски имот добиено преку склучување законски договор со нејзиниот сопственик и е регистриран во Регистарот на индивидуални земјоделци при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство или како Индивидуален земјоделски производител во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Индивидуалниот земјоделски производител е регистриран како семејно земјоделско стопанство во ЕРЗС.

I.3 Земјоделско стопанство преставувано од правно лице треба да биде регистрирано во Централниот регистар во согласност со Законот за трговски друштва.

Земјоделските стопанства претставувани од страна на правно лице во случај нивниот капитал да е во сопственост на јавен орган или органи или од страна на државата со повеќе од 25%, не се прифатливи корисници со оваа мерка.

II. Задруга која е регистрирана во Централниот регистар и која примарно се занимава со земјоделска дејност, преработка на земјоделски производи и/или услуги кои се директно поврзани со земјоделските активности.

III. Здружени правни лица (за колективни инвестиции) кои се контролирани од земјоделски производители и се признати како такви според законот. Следниве видови на здружени правни лица можат да аплицираат и да ја користат поддршка од оваа мерка:

- Задруга,

- Групи на производители и организации на производители признати како такви во согласност со Законот за земјоделство и рурален развој и регистрирани во Регистарот на групи на производители и/или Регистар на организации на производители што го води МЗШВ,

- Трговско друштво во приватна сопственост со примарна дејност земјоделство или преработка на земјоделски производи основана од овластени претставници на семејно земјоделско стопанство запишано во Единствен регистар на земјоделски стопанства и

- Трговско друштво во приватна сопственост со примарна дејност земјоделство или преработка на земјоделски производи основана од здружение на земјоделски производители.

Минималниот број на земјоделски производители ангажирани под некој од горенаведените субјекти е најмалку 10.

IV. **Правни лица** регистрирани во Централниот регистар во ранг на микро, мали и средни претпријатија доколку тие ги исполнуваат критериумите утврдени во Препораката 2003/361/ЕС (истата може да се превземе од веб страната на Агенцијата www.ipardpa.gov.mk), кои се сумирани во следната табела:

| Ранг на претпријатие | Број на вработени | Годишен приход (обрт) | Биланс на состојба |
|---|---|---|---|
| Мало | <50 | ≤ € 10 милиони | ≤ € 10 милиони |
| Микро | < 10 | ≤ € 2 милиони | ≤ € 2 милиони |
| Средно | <250 | ≤€ 50 милионии | ≤€ 43 милиони |

*Напомена: Согласно методологијата за пресметка на големина на субјект од наведената препорака, во предвид се земаат партнерските и поврзани субјекти на корисникот. При утврдување на големината на субјектите се земаат и податоците од Централен депозитар за хартии од вредност на Република Северна Македонија за удели во акционерски друштва на корисникот и сите регистрирани сопственици на корисникот. При утврдување на големината на субјектот се земаат во предвид и поврзаните субјекти надвор од Република Северна Македонија. Новоосновани претпријатија ќе се оценуваат врз основа на очекувана големина како што е предложено во техничкиот предлог проект/ деловниот план.*

Потребните податоци врз основа на кои може да се утврди големината на правниот субјект се добиваат од документот „ПРЕГЛЕД НА ПОДАТОЦИ ОД ГОДИШНАТА СМЕТКА ” издаден од Централен Регистар на Република Северна Македонија.

За јавниот повик 01/2023 за утврдување на големината на корисниците ќе се користат податоци „ПРЕГЛЕД НА ПОДАТОЦИ ОД ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2022 2021 и 2020 ГОДИНА”.

**Општи критериуми**

Сите корисници кои аплицираат за инвестиции поврзани со растително производство во времето на поднесување на барањето треба да покажат постоење на земјоделско земјиште регистрирано во Единствениот регистер на земјоделски стопанства со минималната големина во зависност од дејноста на растително производство која е предмет на инвестиции, како што е наведено во табелата подолу.

Сите корисници кои аплицираат за инвестиции поврзани со сточарското производство треба да покажат постоење на минимален број на добиточни единици (ДЕ) регистрирани во Регистарот за идентификација на животните воден од страна на Агенција за храна и ветеринарство (АХВ) со минимална големина во зависност на подсекторот на сточарското производство која е предмет на инвестиција, како што е наведено во табелата подолу.

ПРОИЗВОДНИ КАПАЦИТЕТИ НА КОРИСНИКОТ

| ПРИОРИТЕТЕН СЕКТОР | | Минимум производствен капацитет регистриран во ЕРЗС |
|---|---|---|
| РАСТИТЕЛНО ПРОИЗВОДСТВО | Инвестиции поврзани со безпочвено одгледување и други иновативни системи за производство | 0,02 ха |
| | Инвестиции поврзани со оранжерии | 0,3 ха |
| | Инвестиции за одгледување на повеќегодишни растенија (култури), производство на зеленчук на отворено, житни култури, индустриски и фуражни култури | 1 ха |
| СТОЧАРСКО ПРОИЗВОДСТВО | Инвестиции кои се однесуваат на говеда; и/или | 10 ДЕ |

| | | |
|---|---|---|
| | Инвестиции кои се однесуваат на овци и/или кози; и/или | 10 ДЕ |
| | инвестиции кои се однесуваат на одгледување на свињи; и/или | 8 ДЕ |
| | Инвестициите се однесуваат на одгледување живина (со исклучок на патки, гуски, мисирки, тетреби, ноеви и ему и бисерки) | 10 ДЕ |

*Добиточните единици се пресметуваат согласно Анекс бр. 11 од ИПАРД Програмата 2021-2027.

Корисниците со помалку земјоделско земјиште од минималните прагови споменати погоре со намера да започнат растително производство, исто така, имаат право да аплицираат и да ја искористат поддршката доколку минималниот праг (наведен погоре) во зависност од видот на растителното производство се достигне на крајот на инвестицијата и е евидентиран во Единствениот регистер на земјоделски стопанства пред поднесување на конечното барање за исплата. Во случај на неисполнување на овој критериум пред поднесување на конечното барање за исплата, тие ќе станат несоодветни за поддршка.

Корисникот мора да докаже дека тој/таа е сопственик на земјиштето/објектот на кој се однесува инвестицијата или дека има право да го користи најмалку 7 години од датумот на поднесување на барањето.

Корисниците покрај тоа што треба да покажат постоење на земјоделско земјиште регистрирано во Единствениот регистер на земјоделски стопанства, потребно е да докажат сопственост или право на користење на земјиштето со приложен имотен лист кон барањето како и договор за закуп со времетраење не пократко од 7 години од денот на поднесување на барањето. Договорот за закуп, времетраењето и површината на која се однесува договорот задолжително треба да биде впишан во имотниот лист.

**Корисниците се должни да ги евидентираат сите промени на производните капацитети во и во Системот за идентификација на земјишни парцели и/или „Системот за идентификација и регистрација на животните“ особено оние кои се резултат на реализираната инвестиција пред поднесување на конечно барање за исплата.**

Одговорното лице/носителот на земјоделското стопанство:

- треба да има завршено минимум средно образование или високо образование преку диплома/сертификат или
- треба да докаже минимум 3 години работно искуство од областа на земјоделско производство, преработка или услуги поврзани со земјоделството (докажано преку доказ за професионално работно искуство или преку доказ како корисник на националните програми

за поддршка во земјоделството и руралниот развој или други прифатливи писмени докази).

- Доказ дека барем еден од управителите на правното лице, кои го застапуваат правното лице во постапката пред Агенцијата треба да е во редовен работен однос или под договор со времетраење не пократко од 5 години од денот на поднесување на барањето.

Трговците поединци и индивидуалните земјоделски производители (регистрирани согласно законот за вршење на земјоделска дејност) треба да бидат постојано вработени.

Во случај на нови инвестиции овој услов треба да биде исполнет пред поднесување на конечното барање за исплата.

Предложената инвестиција потребно е да прикажува низок ризик за неефикасност од јавно финансирање, односно дека корисникот има можност да ја реализира инвестицијата без финансикса поддршка од Програмата. Инвестициите/проектите ќе бидат исклучени од поддршка преку посебна постапка која опфаќа:
Таргетирање на корисници по големина: (доколку просекот на нето добивката од последните три години од објавување на јавниот повик е помал од 75% од вкупните прифатливи трошоци на инвестицијата, се проценува дека ризикот за неефикаснот од јавно финансирање е низок). Исто така, се смета дека ризикот за јавно финансирање е висок доколку просечниот број на вработени од послените 3 години (пресметани соглано препораката за големина на субјект од 2003/361/ЕС) е помеѓу 150 и 250.

Приоритизирање на економски неатрактивни типови на инвестиции (за заштита на животна средина, прилагодување на климатски промени, итн.);

Приоритизирање на инвестиции во територии со понизок индекс на регионален развој.

Во насока на ефикасно искористување на финансиските средства, преку соодветна Методологија утврдена од страна на Агенцијата ќе се врши проценка на потребата од кофинансирање на корисниците преку Програмата.

**Овој критериум не е применлив за инвестиции предложени од физички лица и инвестиции со вкупните прифатливи трошоци помали од 100.000 евра.**

Инвестиции во набавка на механизација/трактор:

Набавка на земјоделска механизација – трактор треба да биде во согласност со параметрите наведени во табелата “Максимална прифатлива моќност на

трактори“, односно моќта на предложниот трактор за набавка да соодветствува со регистрираните производствени капацитети на земјоделското стопанство.

Горна граница за моќноста на тракторите по сектор и големина/капацитет.

| КАПАЦИТЕТ НА МОЌ НА ТРАКТОР ПО СЕКТОР И ГОЛЕМИНА/ПРОИЗВОДЕН КАПАЦИТЕТ | | |
|---|---|---|
| ТИП НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ПРОИЗВОДСТВО | ГОЛЕМИНА (ha) | ГОРНА ГРАНИЦА ЗА МОЌНОСТ (kW) |
| Овошје и лозје | 1-10 | 60 |
| | 10-50 | 80 |
| | над 50* | 100 |
| Зеленчук | 0,3-1 | 40 |
| | 1-10 | 60 |
| | 10-50 | 80 |
| | над 50* | 120 |
| Житни и индустриски култури | 1-10 | 80 |
| | 10-50 | 110 |
| | над 50* | 150 |
| ТИП НА СТОЧАРСКО ПРОИЗВОДСТВО | ГОЛЕМИНА (ДЕ) (добиточни единици) | ГОРНА ГРАНИЦА ЗА МОЌНОСТ (kW) |
| Говеда за тов и млечни крави | 10-20 | 60 |
| | 20-50 | 80 |
| | над 50 | 100 |
| Свињи | 8-100 | 60 |
| | 100-500 | 80 |
| | над 500 | 100 |
| Овци/кози | 10-50 | 80 |
| | над 50 | 100 |
| Живина | 10-140 | 60 |
| | 140-1400 | 80 |
| | над 1400 | 100 |

Напомена:

- Еден корисник може да набави еден трактор

- (*) Еден корисник може да набави еден или два трактори со максимална вкупна пропишана големина на KW

- прифатливи се набавки на трактори кои исполнуваат ЕУ стандарди кои се однесуваат на заштита на животната средина, особено во однос на границите на емисиите на гасови и загадувачки честички (Регулатива (ЕУ) бр. 167/2013), односно прва еколошка категорија, која ги опфаќа возилата со ниво на

емисија на издувни гасови ЕУРО 5 согласно Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/08, 53/11, 123/12, 153/12, 70/13, 164/13, 138/14, 154/15, 192/15, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 87/23).

Во случај корисникот претходно да користел ЕУ поддршка за трактор, не може дополнително да аплицира за инвестиција во трактор во рамките на ИПАРД Програмата 2021-2027. Ова ограничување не се однесува на земјоделските задруги и здружени правни лица.

4. Висина на финансирање

Минималната вредност на вкупно прифатливите трошоци на предложената инвестиција за оваа мерка не може да биде пониска од 20.000 евра во денарска противвредност не вклучувајќи ДДВ.

Максималната поддршка која може да биде доделена на еден корисник под оваа мерка изнесува 1.500.000 евра во денарска противвредност не вклучувајќи го ДДВ за целиот период на спроведување на Програмата.

Максималната финансиска поддршка која може да се додели на новоосновани правни лица (правно лице кое нема поднесено годишен даночен извештај за последната фискална година што ѝ претходи на годината на јавниот повик) по оваа мерка е 100.000 евра во денарска противвредност.

Максималната вкупна финансиска поддршка која може да се додели на поединечен проект според оваа мерка е 750.000 евра во денарска противвредност.

Вкупната финансиска поддршка (75% од ЕУ фондовите + 25% национално кофинансирање) која се исплаќа во вид на кофинансирање на инвестицијата во рамки на оваа мерка **изнесува 60%** од вкупните прифатливи трошоци на инвестицијата.

Овој процент на кофинансирање ќе се зголеми до:

- 65% за инвестиции во земјоделски стопанства во планинските области (согласно Листата на планински области);

- 70% за инвестиции во земјоделски стопанства предложени од страна на млади земјоделци (физички лица на возраст од 18 години до 40 години на денот на поднесување на барањето за финансиска поддршка) и/или земјоделски стопансва кои се сертифицирани како органски за предметната инвестиција.

**Процентот на кофинансирање ќе се зголеми за 10 процентни поени за делот од инвестицијата кој се однесува на:**

- Инвестиции во системи за складирање и управување со арско ѓубре (пример:, третман, понатамошно користење и сл.);

- Инвестиции во објекти/опрема за производство на енергија од други обновливи извори на енергија за задоволување на сопствените потреби за енергија на земјоделското стопанство;

- Инвестиции во објекти/опрема за третман на отпадни води/канализација и

- Инвестиции во објекти/опрема за производство на био-енергија во случај на преработка на производите (суровините) опфатени со Анекс I од Договорот со ЕУ (обработка на животинска или растителна примарна и секундарна биомаса)

- Колективни инвестиции - дополнителна поддршка од оваа мерка се применува на секторот за овошје и зеленчук, секторот за вино, млеко, млечни и месни производи, како и за колективни инвестиции за квалитетни производи со изгледи да бидат регистрирани како производи со ознака на потекло и/или географска ознака.

Највисокото кумулативно/комбинирано ниво на поддршка не смее да надминува 75%.
Напомена: Зголемувањето на процентот на финансиската поддршка за 10 процентни поени се однесува само за делот на инвестицијата заради кој се врши зголемувањето на поддршката, а не за целосно предложената инвестиција.

5. Листа на потребни документи

Долунаведените документи кои се доставуваат во прилог на барањето за финансиска поддршка од мерка 1 Инвестиции во основни средства на земјодлските стопанства треба да се оригинал или копија заверена на нотар, доколку не е поинаку определено покрај самиот документ. Доколку документацијата е на друг јазик истата треба да биде придружена со превод на македонски јазик заверен од овластен преведувач. Документите кои што се издаваат врз основа на јавните книги или востановен систем на евиденција не треба да бидат постари од три месеци сметано од денот на објавување на јавниот повик, со исклучок на документите кои го потврдуваат исполнувањето на обврските за платени даноци и придонеси кој не треба да биде постар од еден месец сметано од денот на објавување на јавниот повик.

| РЕДЕН БРОЈ | НАЗИВ НА ДОКУМЕНТ |
|---|---|
| 1. | КОМПЛЕТНО ПОПОЛНЕТО БАРАЊЕ ЗА МЕРКА ИНВЕСТИЦИИ ВО ОСНОВНИ СРЕДСТВА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ СТОПАНСТВА |
| 2. | КОПИЈА ОД ЛИЧНА КАРТА ИЛИ ПАСОШ<br>од одговорното лице на корисникот |
| 3. | ДОКАЗ ЗА ЗАВРШЕНО ОБРАЗОВАНИЕ (НАЈМАЛКУ СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ) НА КОРИСНИКОТ-ФИЗИЧКО ЛИЦЕ ИЛИ |

| | |
|---|---|
| | ОДГОВОРНО ЛИЦЕ НА ПРАВНОТО ЛИЦЕ ИЛИ ЗЕМЈОДЕЛСКА ЗАДРУГА, ИЛИ<br>ДОКАЗ ЗА ПОСЕТЕНА ОБУКА ОД ЗНАЧЕЊЕ НА ИНВЕСТИЦИЈАТА, ИЛИ<br>ДОКАЗ ЗА МИНИМУМ 3 ГОДИШНО ИСКОСТВО ВО ЗЕМЈОДЕЛСКО ПРОИЗВОДСТВО, ПРЕРАБОТКА ИЛИ УСЛУГИ ПОВРЗАНИ СО ЗЕМЈОДЕЛСТВО |
| 4. | ПОТПИШАНА ИЗЈАВА ЗА ИНФОРМАЦИИ ЗА ГОЛЕМИНА НА КОРИСНИКОТ (МИКРО, МАЛО ИЛИ СРЕДНО ПРЕТПРИЈАТИЕ)<br>• Доказ за сопственичка структура на поврзани и партнерски претпријатија со апликантот регистрирани надвор од границите на Република Северна Македонија, издадени од релевантна институција од соодветната држава<br>• документ кој содржи податоци за број на вработени, годишен приход и годишен биланс на состојба на поврзаните и партнерските претпријатија со апликантот кои се регистрирани надвор од границите на Република Северна Македонија. Податоците треба да бидат земени од последната одобрена фискална година.<br>• потврди за удели во акционерски друштва на апликантот и сите регистрирани сопственици на апликантот издадна од Централен Депозитар на Хартии од Вредност на Република Северна Македонија<br><br>*Прилог 5 од Упатството за корисници на средства од мерка 1 Инвестиции во основни средства на земјодлските стопанства |
| 5. | ДОЗВОЛА/ДОГОВОР ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ВОДА ЗА НАВОДНУВАЊЕ ЗА КАТАСТАРСКИТЕ ПАРЦЕЛИ ПРЕДМЕТ НА ИНВЕСТИЦИЈАТА ИЗДАДЕНА ОД ВОДОСТОПАНСТВО НА РСМ ИЛИ МЖСПП<br>*Напомена: овој документ треба да се достави во случај на инвестиција во системи за наводнување* |
| 6. | ДОКАЗ ЗА ПЛАТЕНИ ОБВРСКИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ВОДА ЗА НАВОДНУВАЊЕ ЗА КАТАСТАРСКИТЕ ПАРЦЕЛИ ПРЕДМЕТ НА ИНВЕСТИЦИЈАТА<br>*Напомена: овој документ треба да се достави во случај на инвестиција во системи за наводнување* |
| 7. | КОПИЈА ОД АКЦИОНЕРСКА КНИГА<br>*(Овие документи се задолжителни во случај кога корисникот е акционерско друштво ).* |
| 8. | ДОКАЗ/ПОТВРДА ДЕКА НАЈМАЛКУ ЕДНО ОДГОВОРНО ЛИЦЕ Е ВО РЕДОВЕН РАБОТЕН ОДНОС ВО ПРАВНИОТ СУБЈЕКТ ИЗДАДЕДЕНА ОД АГЕНЦИЈАТА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ИЛИ<br>ДОКАЗ ДЕКА НАЈМАЛКУ ЕДНО ОДГОВОРНО ЛИЦЕ Е АНГАЖИРАНО СО ДОГОВОР СО ВРЕМЕТРАЕЊЕ ОД НАЈМАЛКУ 5 ГОДИНИ ОД ДАТУМ НА ПОДНЕСУВАЊЕ НА БАРАЊЕТО |

| | |
|---|---|
| | *(Потврдата е задолжителна во случај кога корисникот има регистрирано фирма односно во случај на нова инвестиција еден од овие документи треба да биде доставен до крајот на инвестицијата).*<br>*Под нова инвестиција се подразбира инвестиција предложена од ново регистрирана фирма која сеуште нема поднесено годишна даночна пријава или постоечка фирма која предлага инвестиција во сосема нова дејност, пример: фирмата се занимава приоритетно со производство на непрехранбени производи а предлага инвестиција во подигање на овошни насади.*<br>*(Доказ дека одговорното лице е во редовен работен однос е задолжително за корисниците: ИЗ регистрирани согласно закон за вршење на земјоделска дејност, правни лица и задруги).* |
| 9. | ДОКАЗ ЗА ПОДМИРЕНИ ОБВРСКИ ПО ОСНОВ НА ДАНОЦИ, ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ И ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ ИЗДАДЕН ОД УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ |
| 10. | ДОКАЗ ДЕКА КОРИСНИКОТ НЕ Е ВО ПОСТАПКА НА СТЕЧАЈ ИЗДАДЕН ОД ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТРАР НА РСМ |
| 11. | ДОКАЗ ДЕКАКОРИСНИКОТ НЕ Е ВО ПОСТАПКА НА ЛИКВИДАЦИЈА ИЗДАДЕН ОД ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТРАР НА РСМ |
| 12. | ДОКАЗ ДЕКА ПРОТИВ КОРИСНИКОТ НЕ Е ИЗРЕЧЕНА ПРЕКРШОЧНА САНКЦИЈА ЗАБРАНА ЗА ВРШЕЊЕ ПРОФЕСИЈА |
| 13. | ДОКАЗ ДЕКА ПРОТИВ КОРИСНИКОТ НЕ Е ПОКРЕНАТА КРИВИЧНА ПОСТАПКА ОД РЕГИСТАРОТ ЗА КРИВИЧНА ЕВИДЕНЦИЈА ИЗДАДЕНА ОД ОСНОВЕН КРИВИЧЕН СУД |
| 14. | ПОДНЕСЕНО БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА :<br>☐ РЕШЕНИЕ ЗА ОДОБРЕН ЕЛАБОРАТ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА ИЛИ<br>☐ А ИНТЕГРИРАНА ЕКОЛОШКА ДОЗВОЛА ИЛИ<br>☐ Б ИНТЕГРИРАНА ЕКОЛОШКА ДОЗВОЛА ИЛИ<br>☐ ПОТВРДА ДЕКА НЕМА ПОТРЕБА ДА СЕ НАДГРАДИ ПОСТОЕЧКАТА ЕКОЛОШКА ДОЗВОЛА ВКЛУЧИТЕЛНО СО ПРЕДЛОЖЕНАТА ИНВЕСТИЦИЈА ИЛИ<br>☐ ПОТВРДА ДЕКА КОРИСНИКОТ НЕ Е ДОЛЖЕН ДА ПОСЕДУВА РЕШЕНИЕ ЗА ОДОБРЕН ЕЛАБОРАТ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ИЛИ А ИЛИ Б ИНТЕГРИРАНА ЕКОЛОШКА ДОЗВОЛА<br>• Документот се однесува на целокупното земјоделско стопанство.<br>• Документот е издаден од страна на локалната самоуправа или Министерството за животна средина и просторно планирање;<br>*Документот се однесува за корисници кои што имаат регистрирано или предлагаат инвестиции во производство на млеко, месо, јајца, постбербени активности и преработка на земјоделски производи на земјоделското стопанство.* |
| 15. | ИМОТЕН ЛИСТ ЗА ОБЈЕКТ, И/ИЛИ ЗА ЗЕМЈИШТЕ<br>*Напомена: Во случај доколку има договор за закуп или концесија за имотот кој е предмет на инвестиција истите треба да бидат прибележани во имотниот лист.* |
| 16. | ДОГОВОР ЗА ЗАКУП/КОНЦЕСИЈА ЗА ОБЈЕКТ И/ИЛИ ЗЕМЈИШТЕ |

| | |
|---|---|
| | *Договор за закуп/концесија за објект и / или земјиште се доставува доколку се планира нвестиција на објект и/или земјиште кои се изнајмени/под концесија.* |
| 17. | ДОКАЗ ЗА РЕДОВНО ПОДМИРЕНИ ОБВРСКИ ПО ОСНОВ НА ДОГОВОР ЗА КРЕДИТ ВО СЛУЧАЈ КОГА БАНКАТА ИМА ВОСПОСТАВЕНО ЗАЛОГ ВРЗ ИМОТОТ, ВПИШАН ВО РЕЛЕВАНТНИОТ ИМОТЕН ЛИСТ, ПРЕДМЕТ НА ИНВЕСТИЦИЈА. |
| 18. | ОДОБРЕНИЕ ЗА :<br><br>• изградба на нов обејкт<br>• реконструкција на постоечки објект<br>• адаптација на постоечки објект<br>• доградба на постоечки објект<br>• надградба на постоечки објект<br>• поставување на опрема за производство на енергија од обновливи извори на енергија<br>• производство на енергија од обновливи извори на енергија<br>• потврда од релевантната институција дека за предложената инвестиција не е потребно одобрение за градба<br>Напомена:<br>Во случај на градежни активности на земјоделско земјиште, корисникот треба да достави Одобрение за погоре наведените активности заедно со останатите документи под реден бр 19 со барањето за финансиска поддршка при аплицирање.<br>Во случај на градежни активности на градежно земјиште, Одобрението за погоре наведените активности мора да биде поставено на вебсајтот (www.gradezna dozvola.gov.mk) не покасно од крајниот датум за аплицирање по Јавниот повик. |
| 19. | КОПИИ ИЛИ ЕЛЕКТРОНСКА ФОРМА (ЦД) ОД ОСНОВНИТЕ ТЕХНИЧКИ ЦРТЕЖИ И ПРЕДМЕР - ПРЕСМЕТКА ОД РЕВИДИРАНА ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА<br>• изградба на нов обејкт<br>• реконструкција на постоечки објект<br>• адаптација на постоечки објект<br>• доградба на постоечки објект<br>• надградба на постоечки објект<br>• поставување на опрема/инсталација за производство на енергија од обновливи извори на енергија<br>• производство на енергија од обновливи извори на енергија<br>• изведена состојба<br>Напомена:<br>Во случај на градежни активности на земјоделско земјиште, корисникот треба да ги достави овие документи за погоре наведените активности заедно со останатите документи со барањето за финансиска поддршка при аплицирање.<br>Во случај на градежни активности на градежно земјиште, наведените документи мора да биде поставено на вебсајтот (www.gradezna dozvola.gov.mk) не покасно од крајниот датум за аплицирање по Јавниот повик. |

| | |
|---|---|
| 20. | ВРЕМЕНА СИТУАЦИЈА/СОСТОЈБА ЗА СИТЕ ЗАВРШЕНИ ГРАДЕЖНИ РАБОТИ<br>*Времена ситуација се досатвува само доколку корисникот има изградено дел од објектот кој е предемет на инвестиција и за истиот не бара финансиска поддршка* |
| 21. | ДЕЛОВЕН ПЛАН ЗА ИНВЕСТИЦИИ СО ВКУПНА ВРЕДНОСТ НАД 80.000 ЕВРА |
| 22. | ТЕХНИЧКИ ПРЕДЛОГ ПРОЕКТ ЗА ИНВЕСТИЦИИ СО ВКУПНА ВРЕДНОСТ ПОД 80.000 ЕВРА |
| 23. | ДВЕ ПОНУДИ ИЗДАДЕНИ ОД НЕЗАВИСНИ ДОБАВУВАЧИ ЗА СЕКОЈА СТАВКА/ ГРУПА НА СТАВКИ (ФУНКЦИОНАЛНО ЗАВИСНИ) СО ИЗНОС ПОМАЛ ОД 10.000 ЕВРА ПРИДРУЖЕНА СО ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА И ИЗЈАВА ЗА ЗЕМЈА НА ПОТЕКЛО ЗА СЕКОЈА СТАВКА/ ГРУПА НА СТАВКИ |
| 24. | ТРИ ПОНУДИ ИЗДАДЕНИ ОД РАЗЛИЧНИ НЕЗАВИСНИ ДОБАВУВАЧИ ЗА СЕКОЈА СТАВКА/ ГРУПА НА СТАВКИ (ФУНКЦИОНАЛНО ЗАВИСНИ) СО ИЗНОС ПОГОЛЕМ ОД 10.000 ЕВРА ПРИДРУЖЕНИ СО ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА ЗА СЕКОЈА СТАВКА/ ГРУПА НА СТАВКИ.<br>Напомена: ставките/групата на ставки со вкупна вредност на 10.000 евра од еден добавувач не треба да бидат вештачки поделени со вредност под 10.000 евра со цел прибирање две понуди.<br>Доколку ставките се меѓусебно функционално зависни, пример претставуваат една производна целина, а се издадени од еден добавувач, ќе се третираат како една група на ставки. |
| 25. | КОПИИ ОД ЛИЦЕНЦИ ЗА ГРАДБА ЗА РЕЛЕВАНТНАТА КАТЕГОРИЈА НА ГРАДБА ЗА СЕКОЈ ПОНУДУВАЧ. |
| 26. | КОПИЈА ОД ДОКУМЕНТ КОЈ ЌЕ СОДРЖИ ПОДАТОЦИ ЗА СОПСТВЕНИЧКАТА СТРУКТУРА ЗА СИТЕ СТРАНСКИ ДОБАВУВАЧИ. |
| 27. | КОПИЈА ОД АКЦИОНЕРСКА КНИГА ЗА СИТЕ ПОНУДУВАЧИ КОИ СЕ РЕГИСТРИРАНИ КАКО АКЦИОНЕРСКИ ДРУШТВА. |
| 28. | ИЗЈАВА ОД КОРИСНИКОТ СО ОБЈАСНУВАЊЕ НА ПРИЧИНИТЕ ЗА ИЗБОР НА КОНКРЕТНАТА ПОНУДА ВО СЛУЧАЈ КОГА ИЗБРАНАТА ПОНУДА НЕ Е СО НАЈНИСКА ЦЕНА. |
| 29. | ДВЕ ПОНУДИ ИЗДАДЕНИ ОД РАЗЛИЧНИ НЕЗАВИСНИ ДОБАВУВАЧИ ЗА СЕКОЈА СТАВКА/ ГРУПА НА СТАВКИ ЗА ОПШТИ ТРОШОЦИ СО ИЗНОС ПОМАЛ ОД 10.000 ЕВРА |
| 30. | ТРИ ПОНУДИ ИЗДАДЕНИ ОД РАЗЛИЧНИ НЕЗАВИСНИ ДОБАВУВАЧИ ЗА СЕКОЈА СТАВКА/ ГРУПА НА СТАВКИ ЗА ОПШТИ ТРОШОЦИ СО ИЗНОС ПОГОЛЕМ ОД 10.000 ЕВРА |
| ДОКУМЕНТИ КОИ АФПЗРР ЌЕ ГИ ДОБИЕ ПО СЛУЖБЕНА ДОЛЖНОСТ ВО ИМЕ НА КОРИСНИКОТ (ОД ДРУГИ ДРЖАВНИ ИНСТИТУЦИИ). | |
| ДОКАЗ ЗА РЕГИСТРИРАНО СЕМЕЈНО ЗЕМЈОДЕЛСКО СТОПАНСТВО<br>РЕШЕНИЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДОПОЛНИТЕЛНА ДЕЈНОСТ ВО СЕМЕЈНО ЗЕМЈОДЕЛСКО СТОПАНСТВО | |

| |
|---|
| *(Овој документ се добива по службена должност во случај кога корисникот аплицира како семејно земјоделско стопанство и веќе се занимава со производство и/или преработка на храна).* |
| ПОТВРДА ЗА ПРИЈАВЕНИ ПРОИЗВОДНИ КАПАЦИТЕТИ (ВО ЕДИНСТВЕН РЕГИСТАР НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ СТОПАНСТВА, МЗШВ-ПОДРУЖНИЦИ) |
| ДОКАЗ ЗА ПОСТОЕЊЕ НА МИНИМАЛНИ ПРОИЗВОДСТВЕНИ КАПАЦИТЕТИ ОД 20 ТОНИ РЕГИСТРИРАНИ ВО РЕГИСТАРОТ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА РИБА ПРИ МЗШВ.<br>*(Овој документ се добива по службена должност во случај кога корисникот аплицира како производител на риба).* |
| ТЕКОВНА СОСТОЈБА НА ПРАВНОТО ЛИЦЕ-КОРИСНИКОТ<br>*(Овој документ се добива по службена должност во случај кога корисникот аплицира како трговско друштво, трговец поединец, индивидуален земјоделски производител, регистрирани според Законот за вршење на земјоделска дејност, земјоделска задруга, здружени правни лица).*<br>СТАТУТ НА ЗЕМЈОДЕЛСКА ЗАДРУГА/ЗДРУЖЕНИ ПРАВНИ ЛИЦА<br>*(Овој документ се добива по службена должност во случај кога корисникот аплицира како задруга).* |
| СПИСОК НА АКЦИОНЕРИ<br>*Овој документ се добива по службена должност во случај кога корисникот е акционерско друштво и има податоци за компанијата на веб страницата на Централниот депозитар за хартии од вредност на Р. Македонија кои не се постари од 3 месеци од денот на објавување на јавниот повик).* |
| ПОТВРДА ДЕКА КОРИСНИКОТ НЕМА НЕПОДМИРЕНИ ОБВРСКИ КОН МЗШВ<br>*(Овој критериум задолжително се проверува по службена должност со цел да се потврди дали корисникот има неподмирени обврски кон МЗШВ по однос Закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост).* |
| ДОКАЗ ЗА ВРШЕЊЕ ДЕЈНОСТИ-АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО<br>(*Овој документ се добива по службена должност во случај кога корисникот веќе се занимава со преработка на земјоделски производи на ниво на фарама).* |
| МИСЛЕЊЕ ДЕКА ПЛАНИРАНАТА ИНВЕСТИЦИЈА Е ВО СОГЛАСНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ ПРАВИЛА И ПРОПИСИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНА (АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО) |
| МИСЛЕЊЕ ДЕКА ЗЕМЈОДЕЛСКОТО СТОПАНСТВО И/ИЛИ ПЛАНИРАНАТА ИНВЕСТИЦИЈА Е ВО СОГЛАСНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ И ЕУ ПРАВИЛА И ПРОПИСИ ЗА БЛАГОСОСТОЈБА НА ЖИВОТНИТЕ (АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНА) |
| ДОКАЗ ЗА РЕГИСТРИРАНО ОДГЛЕДУВАЛИШТЕ |

*(Овој документ се добива по службена должност во случај кога барањето се однесува на сточарско производство).*

Агенцијата го задржува правото да побара дополнителна документација со цел докажување на исполнување на критериумите по соодветните мерки од ИПАРД Програмата 2021-2027 за користење на финансиска поддршка.

## ДЕЛ IV

## ДИВЕРЗИФИКАЦИЈА НА ФАРМИ И РАЗВОЈ НА БИЗНИСИ

1. **Приоритетни сектори**

➢ **Инвестиции во алтернативно земјоделско производство**

- Одгледување на печурки и тартуфи;
- Цвеќарство - Хортикултура (расадници и одгледување на цвеќе и цветни папки, украсни растенија, дрва);
- медоносни дрвја (за производство на мед), дрвја за дрвена граѓа, нискостеблести и други брзорастечки видови дрвја за биоенергетски цели;
- Производство на семенски и саден материјал;
- Одгледување на зајаци;
- Одгледување на полжави;
- Одгледување на птици за јајца и месо - патки, гуски, мисирки, тетреби, ноеви, емуа и бисерки;
- Одгледување на дивеч;
- Пчеларство;
- Одгледување на билки, семиња, и други зачини и ароматични и фармацевтски растенија;
- Насади на дрвја за дрвена граѓа и био-маса (брзо растечки);

➢ **Праработка на алтернативни земјоделски производи (кои не се поддржуваат во мерка 1 и мерка 3)**

- Преработка и маркетинг на печурки и тартуфи;
- Колење, преработка и маркетинг на зајачко месо;
- Преработка и маркетинг на полжави;
- Колење, преработка и маркетинг на птици за месо - патки, гуски, мисирки, тетреби, ноеви, ему и бисерки;
- Маркетинг (селекција, пакување, етикетирање итн.) на јајца од - патки, гуски, мисирки, тетреби, ноеви, ему и бисерки;
- Колење, преработка и маркетинг на дивеч;
- Преработка и маркетинг на мед и пчелни производи;
  Преработка и маркетинг на билки, семиња и други зачини и ароматични растенија.

- **Производство на храна и пијалаци**

- Во рамките на овој сектор, поддршката е прифатлива за инвестиции за производство на прехранбени производи и пијалаци наменети за луѓе согласно Законот за безбедност на храната, кои не се прифатливи за поддршка според мерката 1 и мерката 3 (вода, пијалаци и пиво).

- **Производство на непрехрамбени производи**

- Сите производствени активности кои се однесуваат на не-прехранбени производи согласно прилог 14 од ИПАРД Програмата 2021-2027 "Листа на прифатливи не-прехрамбени активности по мерка 7 "Диверзификација на фарми и развој на бизниси".

- **Поддршка на занаетчиски активности**

Сите дејности пропишани со „Правилник за измена на Правилникот за определување на дејностите кои можат да ги вршат занаетчиите "Службен весник на Република Македонија бр 44 од 1 април 2009 година"

- **Поддршка на услуги за руралното население**

- Услуги за поправка и одржување;
- Услуги за пејсажно уредување;
- Услуги за грижа на домашни миленичиња;
- Услуги за престој и нега (домови за стари лица, за рехабилитација, итн);
- Услуги за дневно згрижување на деца;
- Центри за обука и едукација за која било професија, хоби или самостојно развојна цел, спорт и рекреација, услуги за образовна поддршка, информатички центри;
- Транспортни услуги;
- Кино, локална радиодифузија.

- **Поддршка на услуги во земјоделство**

- Воспоставување и унапредување на ветеринарните служби;
- Воспоставување и реновирање на работилници за одржување и поправка на земјоделска механизација, машини и опрема;
- Воспоставување услуги за изнајмување на земјоделска механизација, машини и опрема

*Прифатливи корисници во сектор 7 "Поддршка на услуги во земјоделството" се правни лица, задруги и здружени правни лица со седиште во рурални општини согласно Анекс 1 на ИПАРД Програмата 2021-2027.*

- **Поддршка на рурален туризам**

- Туристичко сместување во затворен простор (соби, апартмани, ноќевање со појадок, колиби со самостојна подготовка на храна)
  - Предложени од физичко лице, постигнатиот капацитет не треба да биде повеќе од 10 соби во кои треба да се сместат најмногу 20 гости (не вклучувајќи дополнителни кревети за деца);
  - Предложени од правно лице, постигнатиот капацитет не треба да биде повеќе од 20 соби во кои треба да се сместат најмногу 30 гости (не вклучувајќи дополнителни кревети за деца).

- Туристичко сместување на отворено (кампови, бунгалови, камп-приколки)
  - Предложени од физичко лице, постигнатиот капацитет не треба да биде повеќе од 10 сместувачки единици или да се сместат 30 гости (не вклучувајќи дополнителни кревети за деца);
  - Предложени од правно лице, постигнатиот капацитет не треба да биде повеќе од 15 сместувачки единици или да се сместат 30 гости (не вклучувајќи дополнителни кревети за деца).

- Угостителски услуги (готвење и служење на храна)
  - Предложени од физичко лице постигнатиот капацитет за послужување да не надмине 50 гости;
  - Предложени од правно лице капацитет за послужување да не надмине 150 гости.

- Комбинирани услуги - сместување и угостителски услуги
  - Предложени од физичко лице постигнатиот капацитет не треба да биде повеќе од 10 соби во кои може да се сместат најмногу 20 лица (не вклучувајќи дополнителни кревети за деца) или 10 сместувачки единици во кои може да се сместат 30 гости истовремено (не вклучувајќи дополнителни кревети за деца) и да се послужат 50 гости;
  - Предложени од правно лице капацитет не повеќе од 20 соби во кои треба да се сместат најмногу 30 лица (не вклучувајќи дополнителни кревети за деца) или на отворено најмногу 15 сместувачки единици или да се сместат 30 гости истовремено (не вклучувајќи дополнителни кревети за деца) и да се послужат најмногу 150 гости.

- Обезбедување на простории за дегустација/продажба за директен маркетинг на производите

- Рурални музеи (објекти и изложбени предмети што ги изразуваат историските, природните, традиционалните, образовните, земјоделските и други добра од руралните средини, како и ботанички и зоолошки градини );

- Обезбедување на капацитети за семинари и обуки, едукативни фарми;

- Обезбедување на рекреативни активности за туристите.

*Напомена: Инвестициите во изградба/ реконструкција на објектите за рурален туризам треба да се градат со прилагодување на стилот со традиционалната архитектура на руралните средини или да се во согласност со пејсажниот амбиент на околината, која може да се прикаже преку Техничките цртежи и дизајн од страна на овластени архитекти, и елаборирани во Деловниот план.*

*За корисниците физички лица категоријата на градбата пропишана во Правилникот за премер на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр.121/2013, 169/2013, 95/2015, 128/2015, 157/2016, 176/2016, 195/2016, 135/2017, 41/2018, 48/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 183/2019) согласно намената, не претставува ограничување при поднесување на Барање за користење средства, под услов корисникот да ја регистрира економската дејност по реализација на инвестицијата, а пред поднесување на барањето за исплата согласно Закон за вршење угостителска дејност во единицата за локална самоуправа.*

2. Корисници

**Физички лица** кои се регистрирани со живеалиште во рурална средина и/или имаат регистрирано економска активност во рурална средина;

- Физичко лице кое е регистрирано како занаетчија во Регистарот на занаетчии, согласно Законот за занаетчиска дејност за активности за кои е предложена инвестицијата;
- Физичко лице кое е регистрирано како угостител (вклучувајќи сместување) во Регистарот за угостители согласно Законот за угостителска дејност, за активностите за кои е предложена инвестицијата;
- Физичко лице кое е регистрирано како Трговец поединец во Централниот регистар во согласност со Законот за трговски друштва;
- Физичко лице регистрирано во Единствениот регистар на земјоделските стопанства како претставник на семејно земјоделско стопанство и
- Физичко лице регистрирано како индивидуален земјоделски производител во Регистарот на индивидулни земјоделски производители во Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство или во Фонд за пензиско и инвалидиско осигурување.

**Физички лица** кои предлагаат нови инвестиции за стапување во економски активности во руралните средини (на пример за самовработување) се прифатливи за поддршка во рамките на оваа мерка само доколку ги исполнат специфичните барања, односно ако тој/таа:

- поседува докажани професионални вештини и компетенции преку завршено средно образование или минимум 3 години работно искуство од областа на земјоделско производство, преработка или услуги поврзани со земјоделството (докажано преку доказ за професионално работно искуство или преку доказ како корисник на националните програми за поддршка во земјоделството и

руралниот развој или други прифатливи писмени докази) или стручна обука или друг професионално признат сертификат за одделна стопанска не-земјоделска дејност (за приоритени сектори 2,3,4,5,6,7 и 8);

- се обврзе дека на крајот на инвестицијата (пред поднесување на конечното барањето за исплата) тој/таа ќе ја регистрира економската активност како занаетчија, угостител, трговец поединец или правно лице во општината каде што се наоѓа руралната средина.

**Правни лица** регистрирани во Централниот регистар во ранг на микро и мали претпријатија доколку тие ги исполнуваат критериумите утврдени во Препораката 2003/361/ЕС (истата може да се превземе од веб страната на Агенцијата [www.ipardpa.gov.mk](http://www.ipardpa.gov.mk)), кои се сумирани во следната табела:

| Ранг на претпријатие | Број на вработени | Годишен приход (обрт) | Биланс на состојба |
|---|---|---|---|
| Мало | <50 | ≤ € 10 милиони | ≤ € 10 милиони |
| Микро | < 10 | ≤ € 2 милиони | ≤ € 2 милиони |

*Напомена: Согласно методологијата за пресметка на големина на субјект од наведената препорака, во предвид се земаат партнерските и поврзани субјекти на корисникот. При утврдување на големината на субјектите се земаат и податоците од Централен депозитар за хартии од вредност на Република Северна Македонија за удели во акционерски друштва на корисникот и сите регистрирани сопственици на корисникот. При утврдување на големината на субјектот се земаат во предвид и поврзаните субјекти надвор од Република Северна Македонија. Новооснованите претпријатија ќе се оценуваат врз основа на очекувана големина како што е предложено во техничкиот предлог проект/ деловниот план.*

Потребните податоци врз основа на кои може да се утврди големината на правниот субјект се добиваат од документот „ПРЕГЛЕД НА ПОДАТОЦИ ОД ГОДИШНАТА СМЕТКА " издаден од Централен Регистар на Република Северна Македонија.

За јавниот повик 01/2023 за утврдување на големината на корисниците ќе се користат податоци „ПРЕГЛЕД НА ПОДАТОЦИ ОД ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2020, 2021 и 2022 ГОДИНА".

**Задруга** која е регистрирана во Централниот регистар.

**Здружени правни лица** (за колективни инвестиции) кои се контролирани од земјоделски производители и се признати како такви според законот. Следниве видови на здружени правни лица можат да аплицираат и да ја користат доплнителната поддршка од оваа мерка:

- Задруга;
- Групи на производители и организации на производители признати како такви во согласност со Законот за земјоделство и рурален развој и регистрирани во Регистарот на групи на производители и/или Регистар на организации на производители што го води МЗШВ;

- Трговско друштво во приватна сопственост со примарна дејност земјоделство или преработка на земјоделски производиоснована од овластени претставници на семејно земјоделско стопанство запишано во Единствен регистар на земјоделски стопанства и
- Трговско друштво во приватна сопственост со примарна дејност земјоделство или преработка на земјоделски производи основана од здружение на земјоделски производители.

Минималниот број на земјоделски производители ангажирани под некој од горенаведените субјекти е најмалку 10.

3. Општи критериуми за доделување на средства

- Инвестициите треба да се реализираат на имот кој е во сопственост на корисникот. Во случај на инвестициски проекти, кои се реализираат на имот кој не е во сопственост на корисникот потребно е да се прикаже документ со кој се докажува право на користење на имотот кој е предмет на инвестицијата, за период од најмалку 7 години од денот на поднесување на барањето за финансиска поддршка. Договорот за закуп, времетраењето и површината на која се однесува договорот задолжително треба да биде впишан во имотниот лист.

- Корисникот треба да обезбеди потврда, документ за докажување на професионалните компетенции со најмалку средно образование или високо образование или стручно образование и стручна обука со диплома/уверение. Корисниците кои не ги исполнуваат горенаведените вештини и компетенции, на крајот на инвестицијата треба да обезбедат сертификат за обука кој е издаден од страна на релевантните стручни институции за обука, едукативни и истражувачки институции или јавни советодавни служби, вклучувајќи ја листата на присуства на модули за обука во врска со инвестициите.

- Најмалку едно одговорно лице на индивидуалниот земјоделски производител (ИЗ), правното лице или задругата треба да е во редовен работен однос или да биде ангажиран под договор со времетраење од не помалку од пет години од денот на доставување на Барањето за финансиска поддршка.

- Физичките лица треба да бидат постојано вработени како трговци поединци, занаетчии или угостители на крај на реализација на инвестицијата. Во случај на нови инвестиции (ново основано правно лице кое нема поднесено годишна сметка или правно лице кое започнува со нова економска дејност) овој услов треба да се постигне на крај на инвестицијата пред поднесувањето на конечното барање за исплата.

- Корисниците претставувани од страна на правно лице во случај нивниот капитал да е во сопственост на јавен орган или органи или од страна на државата со повеќе од 25%, не се прифатливи корисници по оваа мерка.
- Проектот е прифатлив за финансирање доколку локацијата на која е планирано да се реализира инвестицијата се наоѓа во рурална средина.
- Финансиска поддршка може да биде доделена на корисниците чии инвестициски проекти овозможуваат финансиска / економска одржливост. Економската и финансиската одржливост ќе се оценува врз основа на Деловен план или Технички предлог проект. Корисникот треба да ја прикаже можноста за континуитетот на работењето во текот на најмалку пет години од реализација на инвестицијата.
- Во случај на предложени проекти кои имаат вкупен износ на прифатливи трошоци поголем од 80.000 евра во денарска противвредност, економската и финансиска оддржливост ќе се оценува преку Деловен план врз основа на следните економски индикатори:
- Модифицирана интерна стапка на рентабилност која треба да биде поголема од 0,
- Нето сегашна вредност која треба да биде поголемо од 0, и
- Период на враќање на инвестицијата кој треба да биде помал од 10 години
- Во случај на предложени проекти кои имаат вкупен износ на прифатливи трошоци помал од 80.000 евра во денарска противвредност, економската оддржливост се демонстрира преку Технички предлог проект кој што ќе содржи финансиски индикатори во смисла на генерирање приход со кој ќе се надоместат трошоците.
- Предложената инвестиција потребно е да прикажува низок ризик за неефикасност од јавно финансирање, односно дека корисникот има можност да ја реализира инвестицијата без финансикса поддршка од Програмата. Инвестициите/проектите ќе бидат исклучени од поддршка преку посебна постапка која опфаќа:

  Таргетирање на корисници по големина: (доколку просекот на нето добивката од последните три години од објавување на јавниот повик е помал од 75% од вкупните прифатливи трошоци на инвестицијата, се проценува дека ризикот за неефикаснот од јавно финансирање е низок). Исто така, се смета дека ризикот за јавно финансирање е висок доколку просечниот број на вработени од послените 3 години (пресметани соглано препораката за големина на субјект од 2003/361/ЕС) е помеѓу 30 и 50.

  Приоритизирање на економски неатрактивни типови на инвестиции (за заштита на животна средина, прилагодување на климатски промени, итн.);

Приоритизирање на инвестиции во територии со понизок индекс на регионален развој.

Во насока на ефикасно искористување на финансиските средства, преку соодветна Методологија утврдена од страна на Агенцијата ќе се врши проценка на потребата од кофинансирање на корисниците преку Програмата.

Овој критериум не е применлив за инвестиции предложени од физички лица и инвестиции со вкупните прифатливи трошоци помали од 100.000 евра

4. Висина на финансирање

- Минималната вредност на вкупно прифатливите трошоци на предложената инвестиција (проект) за оваа мерка не може да биде пониска од 10.000 евра во денарска противвредност не вклучувајќи го данокот на додадена вредност (ДДВ), додека максималната финансиска поддршка која може да биде доделена на еден корисник по оваа мерка по поединечен проект изнесува 600.000 евра во денарска противвредност не вклучувајќи го ДДВ.
- Максималната финансиска поддршка која може да се додели на новоосновани правни лица (правно лице кое нема поднесено годишен даночен извештај за последната фискална година што ѝ претходи на годината на јавниот повик) по оваа мерка е 100.000 евра во денарска противвредност.
- Максималната финансиска поддршка која може да биде доделена на еден корисник по оваа мерка е 1.500.000 евра во денарска противредност не вклучувајќи го данокот на додадена вредност (ДДВ) за целиот период на спроведувањето на Програмата.
- Вкупната финансиска поддршка (75% ЕУ учество + 25% национално учество) која се исплаќа во вид на кофинансирање на инвестицијата во рамки на оваа мерка изнесува до 60% од вкупните прифатливи трошоци на инвестицијата.
- Овој процент на кофинансирање може да се зголеми до 70% за инвестиции предложени од млади земјоделци и/или сертифицирани органски производители и за колективни инвестиции.
- Процентот на кофинансирање може да се зголеми за дополнителни 10% за инвестиции поврзани со управување со отпад, обновлива енергија и инвестиции од типот на циркуларна економија (ефикасна, повторна употреба на отпадни материјали).
- Највисокото кумулативно/комбинирано ниво на поддршка не смее да надминува 75%. Корисниците може да поднесат повеќе проекти во рамките на оваа мерка во текот на спроведувањето на Програмата под услов максималната вкупна финансиска поддршка да не биде надмината и

конечното барање за исплата за претходно реализираниот проект да е доставено до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

5. Листа на потребни документи

| НАПОМЕНА | |
|---|---|
| Согласно Законот за основање на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој целокупната документација подолу наведена во овој јавен повик потребно е да биде доставена во моментот на поднесување на Барањето за користење средства, во спротивно барањето ќе биде одбиено.<br>Долунаведените документи кои се доставуваат во прилог на барањето за финансиска поддршка од ИПАРД Програмата 2021-2027) треба да се оригинал или копија заверена на нотар, доколку не е поинаку определено покрај самиот документ.<br>Доколку документацијата е на друг јазик истата треба да биде придружена со превод на македонски јазик заверен од овластен преведувач. Документите кои што се издаваат врз основа на јавните книги или востановен систем на евиденција не треба да бидат постари од три месеци сметано од денот на објавување на јавниот повик, со исклучок на документите кои го потврдуваат исполнувањето на обврските за платени даноци и придонеси кој не треба да биде постар од еден месец сметано од денот на објавување на јавниот повик | |
| ЛИСТА НА ДОКУМЕНТИ ПОДНЕСЕНИ ОД СТРАНА НА КОРИСНИКОТ | |
| 1 | КОМПЛЕТНО ПОПОЛНЕТО БАРАЊЕ ЗА МЕРКА ДИВЕРЗИФИКАЦИЈА НА ФАРМИ И РАЗВОЈ НА БИЗНИСИ |
| 2 | КОПИЈА ОД ВАЖЕЧКА ЛИЧНА КАРТА ИЛИ ПАСОШ ОД ОДГОВОРНОТО ЛИЦЕ НА КОРИСНИКОТ |
| 3 | ДОКАЗ ЗА ПОСЕДУВАЊЕ ДОКАЖАНИ ПРОФЕСИОНАЛНИ КОМПЕТЕНЦИИ И ВЕШТИНИ<br>☐ диплома за завршено образование (минимум средно образование) или<br>☐ минимум 3 години искуство во работа со земјоделско производство, преработка или услуги поврзани со земјоделство или<br>☐ друг стручно признат доказ за индивидуална економска неземјоделска активност (приоритетни сектори: (2, 3, 4, 5, 6, 7 и 8) |
| 4 | ДОКАЗ ДЕКА КОРИСНИКОТ НЕ Е ВО ПОСТАПКА НА СТЕЧАЈ<br>*(Издаден од Централен регистар на Република Северна Македонија)*<br>*( доколку корисник е правно лице) |
| 5 | ДОКАЗ ДЕКА КОРИСНИКОТ НЕ Е ВО ПОСТАПКА НА ЛИКВИДАЦИЈА<br>*- Издаден од Централен регистар на Република Северна Македонија*<br>*( доколку корисник е правно лице) |
| 6 | ДОКАЗ ДЕКА ВРЗ КОРИСНИКОТ НЕ Е ИЗРЕЧЕНА ПРЕКРШОЧНА САНКЦИЈА ЗАБРАНА ЗА ВРШЕЊЕ ДЕЈНОСТ, ДОЛЖНОСТ И ПРОФЕСИЈА |

| | |
|---|---|
| | - *Издаден од Централен регистар на Република Северна Македонија или надлежен суд)* |
| 7 | ДОКАЗ ДЕКА ВРЗ КОРИСНИКОТ НЕ Е ПОКРЕНАТА КРИВИЧНА ПОСТАПКА<br>- *Регистар за кривична евиденција Основен Кривичен Суд* |
| 8 | КОПИЈА ОД АКЦИОНЕРСКА КНИГА ВО СЛУЧАЈ КОГА КОРИСНИКОТ Е РЕГИСТРИРАН КАКО АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО |
| 9 | ПОТПИШАНА ИЗЈАВА ЗА ИНФОРМАЦИИ ЗА ГОЛЕМИНА НА КОРИСНИКОТ – МИКРО ИЛИ МАЛО ПРЕТПРИЈАТИЕ*<br>• ДОКАЗ ЗА СОПСТВЕНИЧКА СТРУКТУРА НА ПОВРЗАНИ И ПАРТНЕРСКИ ПРЕТПРИЈАТИЈА СО КОРИСНИКОТ РЕГИСТРИРАНИ НАДВОР ОД ГРАНИЦИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ИЗДАДЕНИ ОД РЕЛЕВАНТНА ИНСТИТУЦИЈА ОД СООДВЕТНАТА ДРЖАВА<br>• ДОКУМЕНТ КОЈ СОДРЖИ ПОДАТОЦИ ЗА БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ, ГОДИШЕН ПРИХОД И ГОДИШЕН БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ПОВРЗАНИТЕ И ПАРТНЕРСКИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА СО КОРИСНИКОТ КОИ СЕ РЕГИСТРИРАНИ НАДВОР ОД ГРАНИЦИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МКЕДОНИЈА. ПОДАТОЦИТЕ ТРЕБА ДА БИДАТ ЗЕМЕНИ ОД ПОСЛЕДНАТА ОДОБРЕНА ФИСКАЛНА ГОДИНА.<br>• ПОТВРДИ ЗА УДЕЛИ ВО АКЦИОНЕРСКИ ДРУШТВА НА КОРИСНИКОТ, НЕГОВИТЕ РЕГИСТРИРАНИ СОПСТВЕНИЦИ И СИТЕ ПАРТНЕРСКИ И ПОВРЗАНИ СУБЈЕКТИ ИЗДАДЕНА ОД ЦЕНТРАЛЕН ДЕПОЗИТАР НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА<br>*Прилог 6 од Упатство за корисници од мерка 7 Диверзификација на фарми и развој на бизниси |

| | |
|---|---|
| 10 | ☐ ДОКАЗ ДЕКА НАЈМАЛКУ ЕДНО ОДГОВОРНО ЛИЦЕ Е ВО РЕДОВЕН РАБОТЕН ОДНОС ВО ПРАВНОТО ЛИЦЕ,<br>*(Документот е издаден од Агенција за вработување на Република Северна Македонија)*<br>ИЛИ<br>☐ ДОКАЗ ДЕКА НАЈМАЛКУ ЕДНО ОДГОВОРНО ЛИЦЕ Е АНГАЖИРАНО СО ДОГОВОР ЗА РАБОТА СО ТРАЕЊЕ НЕ ПОМАЛКУ ОД 5 ГОДИНИ ОД ДАТУМОТ НА ПОДНЕСУВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА<br>*Овој документ е задолжителен во случај кога корисникот има регистрирано фирма односно во случај на нова инвестиција еден од овие документи треба да биде доставен до крајот на инвестицијата*<br>*Под нова инвестиција се подразбира инвестиција предложена од ново регистрирана фирма која сеуште нема поднесено годишна даночна пријава или постоечка фирма која предлага инвестиција во сосема нова дејност, пример: фирмата се занимава приоритетно со производство на непрехранбени производи а предлага инвестиција во рурален туризам*<br>*Доказ дека одговорното лице е во редовен работен однос е задолжители за корисници: ИЗ регистрирани согласно закон за вршење на земјоделска дејност, правни лица и задруги* |
| 11 | ДОКАЗ ЗА ПОДМИРЕНИ ОБВРСКИ ПО ОСНОВ НА ДАНОЦИ, ЗДРАВСТВЕНО, ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ ИЗДАДЕН ОД УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ |
| 12 | ИМОТЕН ЛИСТ ЗА<br>➢ ОБЈЕКТ И/ИЛИ<br>➢ ЗЕМЈИШТЕ<br>Во случај доколку има договор за закуп или концесија за земјиштето/објектот кој е предмет на инвестиција истите треба да бидат прибележани во имотниот лист. |
| *13* | ДОГОВОР ЗА ЗАКУП ИЛИ КОНЦЕСИЈА НА:<br>➢ ОБЈЕКТ И/ИЛИ<br>➢ ЗЕМЈИШТЕ<br>*Напомена:* ***Овие документи се задолжителни само доколку земјиштетот/објектот, предемет на инвестиција не се во сопственост на корисникот.*** |
| 14 | ДОКАЗ ЗА РЕДОВНО ПОДМИРЕНИ ОБВРСКИ ПО ОСНОВ НА ДОГОВОР ЗА КРЕДИТ ВО СЛУЧАЈ КОГА БАНКАТА ИМА ВОСПОСТАВЕНО ЗАЛОГ ВРЗ ИМОТОТ, ВПИШАН ВО РЕЛЕВАНТНИОТ ИМОТЕН ЛИСТ, ПРЕДМЕТ НА ИНВЕСТИЦИЈА.<br>*Издаден од банката која го има воспоставено залогот* |
| 15 | ПОДНЕСЕНО БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА :<br>☐ РЕШЕНИЕ ЗА ОДОБРЕН ЕЛАБОРАТ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА ИЛИ<br>☐ А ИНТЕГРИРАНА ЕКОЛОШКА ДОЗВОЛА ИЛИ<br>☐ Б ИНТЕГРИРАНА ЕКОЛОШКА ДОЗВОЛА ИЛИ<br>☐ ДОКАЗ ДЕКА НЕМА ПОТРЕБА ДА СЕ НАДГРАДИ ПОСТОЕЧКАТА ЕКОЛОШКА ДОЗВОЛА ВКЛУЧИТЕЛНО СО ПРЕДЛОЖЕНАТА ИНВЕСТИЦИЈА ИЛИ |

| | |
|---|---|
| | ☐ ДОКАЗ ДЕКА КОРИСНИКОТ НЕ Е ДОЛЖЕН ДА ПОСЕДУВА РЕШЕНИЕ ЗА ОДОБРЕН ЕЛАБОРАТ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ИЛИ А ИЛИ Б ИНТЕГРИРАНА ЕКОЛОШКА ДОЗВОЛА ИЛИ ДЕКА НЕМА ПОТРЕБА ДА ЈА ПРОШИРИ ПОСТОЕЧКАТА ДОЗВОЛА<br>*Издаден од надлежната општина или од Министерство за животна средина и просторно планирање* |
| 16 | ДВЕ ПОНУДИ ИЗДАДЕНИ ОД НЕЗАВИСНИ ДОБАВУВАЧИ ЗА СЕКОЈА СТАВКА/ ГРУПА НА СТАВКИ СО ИЗНОС ПОМАЛ ОД 10.000 ЕВРА ПРИДРУЖЕНА СО ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА ЗА СЕКОЈА СТАВКА/ ГРУПА НА СТАВКИ |
| 17 | ТРИ ПОНУДИ ИЗДАДЕНИ ОД НЕЗАВИСНИ ДОБАВУВАЧИ ЗА СЕКОЈА СТАВКА/ ГРУПА НА СТАВКИ СО ИЗНОС ПОГОЛЕМ ОД 10.000 ЕВРА ПРИДРУЖЕНИ СО ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА ЗА СЕКОЈА СТАВКА/ ГРУПА НА СТАВКИ |
| 18 | КОПИИ ОД ЛИЦЕНЦИ ЗА ГРАДБА ЗА РЕЛЕВАНТНАТА КАТЕГОРИЈА НА ГРАДБА ЗА СЕКОЈ ПОНУДУВАЧ |
| 19 | КОПИЈА ОД ДОКУМЕНТ КОЈ ЌЕ СОДРЖИ ПОДАТОЦИ ЗА СОПСТВЕНИЧКАТА СТРУКТУРА ЗА СИТЕ СТРАНСКИ ДОБАВУВАЧИ |
| **20** | КОПИЈА ОД АКЦИОНЕРСКА КНИГА ЗА СИТЕ ПОНУДУВАЧИ КОИ СЕ РЕГИСТРИРАНИ КАКО АКЦИОНЕРСКИ ДРУШТВА |
| 21 | ИЗЈАВА ОД КОРИСНИКОТ СО ОБЈАСНУВАЊЕ НА ПРИЧИНИТЕ ЗА ИЗБОР НА КОНКРЕТНАТА ПОНУДА ВО СЛУЧАЈ КОГА ИЗБРАНАТА ПОНУДА НЕ Е СО НАЈНИСКА ЦЕНА |
| 22 | ДВЕ ПОНУДИ ИЗДАДЕНИ ОД НЕЗАВИСНИ ДОБАВУВАЧИ ЗА СЕКОЈА СТАВКА/ ГРУПА НА СТАВКИ ЗА ОПШТИ ТРОШОЦИ СО ИЗНОС ПОМАЛ ОД 10.000 ЕВРА |
| 23 | ТРИ ПОНУДИ ИЗДАДЕНИ ОД НЕЗАВИСНИ ДОБАВУВАЧИ ЗА СЕКОЈА СТАВКА/ ГРУПА НА СТАВКИ ЗА ОПШТИ ТРОШОЦИ СО ИЗНОС ПОГОЛЕМ ОД 10.000 ЕВРА |
| 24 | ☐ ОДОБРЕНИЕ ЗА:<br>• ИЗГРАДБА НА НОВ ОБЕЈКТ<br>• РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПОСТОЕЧКИ ОБЈЕКТ<br>• АДАПТАЦИЈА НА ПОСТОЕЧКИ ОБЈЕКТ<br>• ДОГРАДБА НА ПОСТОЕЧКИ ОБЈЕКТ<br>• НАДГРАДБА НА ПОСТОЕЧКИ ОБЈЕКТ<br>• ИЗВЕДЕНА СОСТОЈБА<br>• ПОСТАВУВАЊЕ НА ОПРЕМА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ (СОПСТВЕНИ ПОТРЕБИ)<br>• ПРОИЗВОДСТВО НА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ<br>*Напомена: Во случај на градежни активности на земјоделско земјиште, корисникот потребно е да го достави ОДОБРЕНИЕТО ЗА ГРАДБА за предложените градежни/реконструктивни активности – издадено од Општината, во моментот кога го поднесува Барањето за финансиска поддршка.*<br>*Во случај на градежни активности на градежно земјиште, ОДОБРЕНИЕТО ЗА ГРАДБА, Агенцијата го превзема од „Информацискиот систем за е-градежна дозвола“ ( www.gradezna-dozvola.mk). Одобрението мора да биде прикачено на „Информацискиот* |

| | |
|---|---|
| | *систем за е-градежна дозвола" ([www.gradezna-dozvola.mk](http://www.gradezna-dozvola.mk)), не подоцна од последниот ден од јавниот повик.*<br>*ИЛИ*<br>☐ ПОТВРДА ОД РЕЛЕВАНТНАТА ИНСТИТУЦИЈА ДЕКА ЗА ПРЕДЛОЖЕНАТА ИНВЕСТИЦИЈА НЕ Е ПОТРЕБНО ОДОБРЕНИЕ ЗА ГРАДБА |
| 25 | КОПИИ ИЛИ ЕЛЕКТРОНСКА ФОРМА (ЦД) ОД ОСНОВНИТЕ ТЕХНИЧКИ ЦРТЕЖИ И ПРЕДМЕР - ПРЕСМЕТКА ОД РЕВИДИРАНА ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА<br>• ИЗГРАДБА НА НОВ ОБЕЈКТ<br>• РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПОСТОЕЧКИ ОБЈЕКТ<br>• АДАПТАЦИЈА НА ПОСТОЕЧКИ ОБЈЕКТ<br>• ДОГРАДБА НА ПОСТОЕЧКИ ОБЈЕКТ<br>• НАДГРАДБА НА ПОСТОЕЧКИ ОБЈЕКТ<br>• ИЗВЕДЕНА СОСТОЈБА<br>• ПОСТАВУВАЊЕ НА ОПРЕМА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ (СОПСТВЕНИ ПОТРЕБИ)<br>• ПРОИЗВОДСТВО НА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ<br>*Напомена: Во случај на градежни активности на земјоделско земјиште, корисникот потребно е да достави КОПИИ ОД ОСНОВНИТЕ ТЕХНИЧКИ ЦРТЕЖИ И ПРЕДМЕР - ПРЕСМЕТКА за предложените градежни/ реконструктивни активности.*<br>*Во случај на градежни активности на градежно земјиште, КОПИИТЕ ОД ОСНОВНИТЕ ТЕХНИЧКИ ЦРТЕЖИ И ПРЕДМЕР - ПРЕСМЕТКА Агенцијата ги превезма од „Информацискиот систем за е-градежна дозвола"([www.gradezna-dozvola.mk](http://www.gradezna-dozvola.mk))* |
| 26 | ВРЕМЕНА СИТУАЦИЈА ЗА СИТЕ ЗАВРШЕНИ ГРАДЕЖНИ РАБОТИ<br><br>** Времена состојба/ ситуација се доставува само доколку корисникот има изградено дел од објектот кој е предемет на инвестиција и за истиот не бара финансиска поддршка. Градежните работи се во согласност со последно одбрената техничка документација.* |
| 27 | ДЕЛОВЕН ПЛАН ВО СЛУЧАЈ КОГА ВРЕДНОСТА НА ИНВЕСТИЦИЈАТА НАДМИНУВА 80.000 ЕВРА |
| 28 | ТЕХНИЧКИ ПРЕДЛОГ ПРОЕКТ ВО СЛУЧАЈ КОГА ВРЕДНОСТА НА ИНВЕСТИЦИЈАТА Е ПОД 80.000 ЕВРА |

*ПРИОРИТЕТЕН СЕКТОР 1 – АЛТЕРНАТИВНО ЗЕМЈОДЕЛСКО ПРОИЗВОДСТВО*

| | |
|---|---|
| 1 | ☐ ДОКАЗ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ВОДА ЗА ПАРЦЕЛИТЕ КОИ СЕ ПРЕДМЕТ НА ИНВЕСТИЦИЈА ИЗДАДЕН ОД МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ ИЛИ<br>☐ ДОГОВОР СО АД ВОДОСТОПАНСТВО ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ВОДА ЗА ПАРЦЕЛИТЕ КОИ СЕ ПРЕДМЕТ НА ИНВЕСТИЦИЈА<br>** Овој документ се доставува во случај кога корисникот бара финансиска поддршка за инвестиции кои вклучуваат системи за наводнување* |

| | |
|---|---|
| 2 | ДОГОВОР ЗА СОБИРАЊЕ НА ОСНОВЕН МАТЕРИЈАЛ ПОМЕЃУ КОРИСНИКОТ И ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ НАЦИОНАЛНИ ШУМИ.<br>*Забелешка: Овој документ се доставува во случај на инвестиции во производство на шумски и декоративни растенија и дрвја и доколку корисникот не поседува сопствени парцели за производството.* |

*ПРИОРИТЕТЕН СЕКТОР 2 – ПРЕРАБОТКА НА АЛТЕРНАТИВНИ ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ (КОИ НЕ СЕ ПОДДРЖАНИ ВО МЕРКА 1 И МЕРКА 3)*

| |
|---|
| *Сите документи потребни за овој приоритетниот сектор Агенцијата ќе ги добие по службена должност. Корисникот не е должен да достави документи специфични за овој приоритетен сектор* |

*ПРИОРИТЕТЕН СЕКТОР 3 – ПРОИЗВОДСТВО НА ХРАНА И ПИЈАЛОЦИ (КОИ НЕ СЕ ПОДДРЖАНИ ВО МЕРКА 1 И МЕРКА 3)*

| |
|---|
| *Сите документи потребни за овој приоритетниот сектор Агенцијата ќе ги добие по службена должност. Корисникот не е должен да достави документи специфични за овој приоритетен сектор* |

*ПРИОРИТЕТЕН СЕКТОР 4 – ПРОИЗВОДСТВО НА НЕПРЕХРАМБЕНИ ПРОЗИВОДИ*

| |
|---|
| *Сите документи потребни за овој приоритетниот сектор Агенцијата ќе ги добие по службена должност. Корисникот не е должен да достави документи специфични за овој приоритетен сектор* |

*ПРИОРИТЕТЕН СЕКТОР 5 - ПОДДРШКА НА ЗАНАЕТЧИСКИ АКТИВНОСТИ*

| | |
|---|---|
| 1 | ДОКАЗ ДЕКА ПРАВНОТО ЛИЦЕ Е РЕГИСТРИРАНО ЗА ВРШЕЊЕ НА ЗАНАЕТЧИСКА ДЕЈНОСТ<br>*(Документот го издава Комора на занаетчии на Република Северна Македонија)* |

*ПРИОРИТЕТЕН СЕКТОР 6 – ПОДДРШКА НА УСЛУГИ ЗА РУРАЛНОТО НАСЕЛЕНИЕ*

| | |
|---|---|
| *1* | ☐ ПОДНЕСЕНО БАРАЊЕ ОД СТРАНА НА КОРИСНИКОТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА УСТАНОВА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА/ ГРИЖА НА ВОЗРАСНИ ЛИЦА ИЛИ<br>☐ ПОДНЕСЕНО БАРАЊЕ ОД СТРАНА НА КОРИСНИКОТ ЗА ПРОМЕНА НА ОСНОВАЧ НА УСТАНОВА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА/ ГРИЖА НА ВОЗРАСНИ ЛИЦА |
| *2* | ☐ ПОДНЕСЕНО БАРАЊЕ ОД СТРАНА НА КОРИСНИКОТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА УСТАНОВА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА/ ГРИЖА НА ДЕЦА ИЛИ<br>☐ ПОДНЕСЕНО БАРАЊЕ ОД СТРАНА НА КОРИСНИКОТ ЗА ПРОМЕНА НА ОСНОВАЧ НА УСТАНОВА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА/ ГРИЖА НА ДЕЦА |
| *3* | ПОДНЕСЕНО БАРАЊЕ ОД СТРАНА НА КОРИСНИКОТ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЗВОЛА ЗА<br>☐ ЕМИТУВАЊЕ НА ЛОКАЛНА РАДИО ПРОГРАМА ИЛИ<br>☐ ЛОКАЛНА ТЕЛЕВИЗИСКА ПРОГРАМА |

*ПРИОРИТЕТЕН СЕКТОР 7 – ПОДДРШКА НА УСЛУГИ ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО*

| |
|---|
| *Сите документи потребни за овој приоритетниот сектор Агенцијата ќе ги добие по службена должност. Корисникот не е должен да достави документи специфични за овој приоритетен сектор* |

*ПРИОРИТЕТЕН СЕКТОР 8 – ПОДДРШКА НА РУРАЛЕН ТУРИЗАМ*

| | |
|---|---|
| 1 | ПОДНЕСЕНО БАРАЊЕ ЗА ДОБИВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА АВТОКАМП<br>*(За инвестиции во автокамп)* |
| 2 | РЕШЕНИЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА УГОСТИТЕЛСКА ДЕЈНОСТ ЗА<br>☐ СМЕСТУВАЊЕ И/ИЛИ<br>☐ ПОСЛУЖУВАЊЕ ХРАНА<br>*(Овој документ се доставува доколку инвестицијата се однесува на постоечки сместувачки капацитите и/или угостителски објекти.)* |
| 3 | РЕШЕНИЕ ЗА КАТЕГОРИЗАЦИЈА ИЗДАДЕНО ОД ОПШТИНАТА ИЛИ МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА<br>*(Овој документ се доставува доколку инвестицијата се однесува на постоечки сместувачки капацитите и/или угостителски објекти.)* |
| 4 | ТЕХНИЧКИ ЦРТЕЖИ СО ПИШАН ЕЛАБОРАТ ЗА СТИЛОТ НА АРХИТЕКТУРА И КОРИСТЕНИТЕ МАТЕРИЈАЛИ НА ПОСТОЕЧКИОТ ТРАДИЦИОНАЛЕН СТИЛ НА ГРАДБА ВО РУРАЛНАТА СРЕДИНА ИЛИ СТИЛОТ НА ГРАДБА КОЈ СООДВЕТСВУВА НА НЕПОСРЕДНАТА ОКОЛИНА КАДЕ ШТО СЕ ПЛАНИРА ИНВЕСТИЦИЈАТА, ИЗРАБОТЕНИ ОД ОВЛАСТЕН АРХИТЕКТ<br>*За инвестиции во изградба на објекти за сместување и/или послужување на храна).* |

| |
|---|
| НАПОМЕНА: АГЕНЦИЈАТА ГО ЗАДРЖУВА ПРАВОТО ДА ПОБАРА ДОПОЛНИТЕЛНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ОД КОРИСНИЦИТЕ СО ЦЕЛ ДА СЕ ДОКАЖЕ ИСПОЛНУВАЊЕТО НА КРИТЕРИУМИТЕ ОД ИПАРД ПРОГРАМАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА. |

ДОКУМЕНТИ КОИ АГЕНЦИЈАТА ГИ ПРИБАВУВА ПО СЛУЖБЕНА ДОЛЖНОСТ

- ТЕКОВНА СОСТОЈБА ЗА КОРИСНИКОТ – ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РСМ
- ТЕКОВНА СОСТОЈБА ЗА СИТЕ ДОМАШНИ ДОБАВУВАЧИ - ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РСМ
- ПОТВРДА ЗА РЕГИСТРИРАНО СЕМЕЈНО ЗЕМЈОДЕЛСКО СТОПАНСТВО ИЛИ
- РЕШЕНИЕ ЗА ВРШЕЊЕ ДОПОЛНИТЕЛНА ДЕЈНОСТ НА СЕМЕЈНО ЗЕМЈОДЕЛСКО СТОПАНСТВО - МЗШВ
- ПОТВРДА ЗА РЕГИСТРИРАНИ ПРОИЗВОДНИ КАПАЦИТЕТИ (ЕРЗС) - МЗШВ
- ПОТВРДА ЗА РЕГИСТРИРАНА ЗАДРУГА– ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДОКУМЕНТ КОЈ СОДРЖИ ПОДАТОЦИ ЗА БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ, ГОДИШЕН ПРИХОД И ГОДИШНА БИЛАНС (СКРАТЕН ИСКАЗ ОД ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА) ЗА КОРИСНИКОТ И ЗА СИТЕ ПОВРЗАНИ И

ПАРТНЕРСКИ ПРЕТПРИЈАТИЈА СО КОРИСНИКОТ. ПОДАТОЦИТЕ ТРЕБА ДА БИДАТ ЗЕМЕНИ ОД ПОСЛЕДНАТА ОДОБРЕНА ФИСКАЛНА ГОДИНА.

ПРИОРИТЕТЕН СЕКТОР 1– АЛТЕРНАТИВНО ЗЕМЈОДЕЛСКО ПРОИЗВОДСТВО

- ПОТВРДА ЗА РЕГИСТРИРАНО ОДГЛЕДУВАЛИШТЕ - АХВ
- МИСЛЕЊЕ ДЕКА ПЛАНИРАНАТА ИНВЕСТИЦИЈА Е ВО СОГЛАСНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ ЗА БЛАГОСОТОЈБА НА ЖИВОТНИ - АХВ
- ПОТВРДА ЗА РЕГИСТРИРАН ПРОИЗВОДИТЕЛ НА СЕМЕ ИЛИ САДЕН МАТЕРИЈАЛ - МЗШВ
- ПОТВРДА ЗА РЕГИСТРИРАН ПРОИЗВОДИТЕЛ ВО РЕГИСТЕРОТ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИ И ТРГОВЦИ СО РЕПРОДУКТИВЕН МАТЕРИЈАЛ ЗА ШУМСКИ ДРВА- МЗШВ
- ПОТВРДА ДЕКА ОСНОВНИОТ МАТЕРИЈАЛ Е ОДОБРЕН ОД МЗШВ

ПРИОРИТЕТЕН СЕКТОР 2– ПРЕРАБОТКА НА АЛТЕРНАТИВНИ ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ

- РЕШЕНИЕ ЗА ВРШЕЊЕ ДЕЈНОСТ ОПЕРАТОР СО ХРАНА - АХВ
- МИСЛЕЊЕ ДЕКА ПЛАНИРАНТА ИНВЕСТИЦИЈА Е ВО СОГЛАСНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ И ЕУ СТАНДАРДИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНА - АХВ

ПРИОРИТЕТЕН СЕКТОР 3– ПРОИЗВОДСТВО НА ПРЕХРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ И ПИЈАЛОЦИ

- РЕШЕНИЕ ЗА ВРШЕЊЕ ДЕЈНОСТ ОПЕРАТОР СО ХРАНА - АХВ
- МИСЛЕЊЕ ДЕКА ПЛАНИРАНТА ИНВЕСТИЦИЈА Е ВО СОГЛАСНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ И ЕУ СТАНДАРДИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНА - АХВ

ПРИОРИТЕТЕН СЕКТОР 4 – ПРОИЗВОДСТВО НА НЕПРЕХРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ

- РЕШЕНИЕ ЗА ВРШЕЊЕ ДЕЈНОСТ ОПЕРАТОР СО ХРАНА - АХВ
- МИСЛЕЊЕ ДЕКА ПЛАНИРАНТА ИНВЕСТИЦИЈА Е ВО СОГЛАСНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ И ЕУ СТАНДАРДИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНА - АХВ
- РЕШЕНИЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТ МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
- ПОТВРДА ЗА РЕГИСТРИРАН ПРОИЗВОДИЛТЕЛ ВО РЕГИСТЕРОТ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА ЃУБРИВА - МЗШВ

ПРИОРИТЕТЕН СЕКТОР 5 – ПОДДРШКА НА ЗАНАЕТЧИСКИ АКТИВНОСТИ

- РЕШЕНИЕ ЗА РЕГИСТРИРАН ЗАНАЕТЧИЈА – КОМОРА НА ЗАНАЕТЧИИ
- РЕШЕНИЕ ЗА ВРШЕЊЕ ДЕЈНОСТ ОПЕРАТОР СО ХРАНА- АХВ
- МИСЛЕЊЕ ДЕКА ПЛАНИРАНТА ИНВЕСТИЦИЈА Е ВО СОГЛАСНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ И ЕУ СТАНДАРДИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНА - АХВ

ПРИОРИТЕТЕН СЕКТОР 6 – ПОДДРШКА НА УСЛУГИ ЗА РУРАЛНОТО НАСЕЛЕНИЕ

- ОДЛУКА ЗА ОСНОВАЊЕ НА УСТАНОВА ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ НА СТАРИ ЛИЦА – СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РСМ
- РЕШЕНИЕ ЗА ДАВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА ОСНОВАЊЕ НА ПРИВАТНА УСТАНОВА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА СТАРИ ЛИЦА - СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РСМ

- ОДЛУКА ЗА ОСНОВАЊЕ НА УСТАНОВА ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ НА ДЕЦА - СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РСМ
- РЕШЕНИЕ ЗА ДАВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА ОСНОВАЊЕ НА ПРИВАТНА УСТАНОВА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ДЕЦА - СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РСМ
- ДОЗВОЛА ЗА РАДИО ЕМИТУВАЊЕ НА ПРОГРАМСКИ СЕРВИС НА ЛОКАЛНО НИВО И/ИЛИ
- ДОЗВОЛА ЗА ТЕЛЕВИЗИСКО ЕМИТУВАЊЕ НА ПРОГРАМСКИ СЕРВИС НА ЛОКАЛНО НИВО - АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
- РЕШЕНИЕ ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА УСТАНОВА ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ПОСЕБНИ ПРОГРАМИ ЗА СТЕКНУВАЊЕ ЗНАЕЊЕ И ВЕШТИНИ – МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ
- ЛИЦЕНЦА ЗА МЕЃУОПШТИНСКИ И ЛИНИСКИ ПРЕВОЗ – МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
- ДОЗВОЛА ЗА МЕЃУОПШТИНСКИ И ЛИНИСКИ ПРЕВОЗ - МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
- РЕГИСТРИРАН ВОЗЕН РЕД ЗА МЕЃУОПШТИНСКИ И ЛИНИСКИ ПРЕВОЗ - МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

ПРИОРИТЕТЕН СЕКТОР 7 – ПОДДРШКА НА УСЛУГИ ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

- РЕШЕНИЕ ЗА ВЕТЕРИНАРНА СТАНИЦА - АХВ
- МИСЛЕЊЕ ДЕКА ПЛАНИРАНТА ИНВЕСТИЦИЈА Е ВО СОГЛАСНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ И ЕУ СТАНДАРДИ ЗА ВЕТЕРИНАРНО ЗДРАВЈЕ - АХВ

ПРИОРИТЕТЕН СЕКТОР 8 – ПОДДРШКА НА РУРАЛЕН ТУРИЗАМ

- СОГЛАСНОСТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА АВТО КАМП- МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
- РЕШЕНИЕ ЗА ВРШЕЊЕ ДЕЈНОСТ ОПЕРАТОР СО ХРАНА - АХВ
- МИСЛЕЊЕ ДЕКА ПЛАНИРАНТА ИНВЕСТИЦИЈА Е ВО СОГЛАСНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ И ЕУ СТАНДАРДИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНА - АХВ

Агенцијата го задржува правото да побара дополнителна документација со цел докажување на исполнување на критериумите од ИПАРД Програмата за користење на финансиска поддршка.

## ДЕЛ V
## ПОСТАПКА ПРЕД АГЕНЦИЈАТА

Постапката на Агенција од прием на Барањата до склучување на Договор за користење на средства се состои од :

1. **Проверка на комплетноста** на приложените документи согласно бараните документи по типови на инвестиции и тоа:
   - Дали барањето е целосно пополнето и дали целокупната документација наведена во овој јавен повик согласно приоритетните сектори е доставна во прилог на истото;

     **Некомплетно барање за финансиска поддршка е Барањето кое не ја содржи целокупната документација во моментот на поднесување на истото.**
   - Дали документите кои се доставени во прилог на барањето се оригинал или копија заверена на нотар (доколку поинаку не е наведено во самиот документ)
2. **Проверка на соодветноста** на барање за користење на средства се прави со цел да се утврди:
   - Дали доставените документи докажуваат исполнување на критериумите и условите за прифатливост на предложените инвестициони активности;
   - Дали предложената инвестиција е економски и финансиски остварлива и одржлива, што се проверува преку анализа на параметрите содржани во приложениот деловен план / технички предлог проект;
   - Дали предложената инвестиција за која се бара финансиска поддршка не е финансирана од други јавни извори на средства (Буџет на Република Северна Македонија и меѓународни донатори);
   - Дали цените на предложените инвестициски активности се во рамките на пазарните цени преку анализа на референтните цени за соодветните активности.

Помош може да биде доделена на корисниците чии инвестициски проекти овозможуваат финансиска/економска одржливост. Економската и финансиската одржливост ќе се оценува врз основа на Деловен план и Технички предлог проект. Корисникот со деловниот план треба да ја прикаже можноста за континуитетот на работењето во текот на најмалку пет години од реализација на инвестицијата. Врз основа на следните економски индикатори ќе се оценува инвестицискиот проект:

- Модифицирана интерна стапка на рентабилност која треба да биде поголема од 0,
- Нето сегашна вредност кое треба да биде поголемо од 0, и
- Период на враќање на инвестицијата кој треба да биде помал од 10 години

Во случај на предложени проекти кои што имаат износ на прифатливи трошоци помали од 80.000 евра во денарска противвредност, економската оддржливост се демонстрира преку Технички предлог проект кој што ќе содржи финансиски индикатори во смисла на генерирање доволен приход кој што ќе ги достигнува оперативните трошоци на земјоделското стопанство

Со цел да се утврди автентичноста на техничките параметри, економските и финансиските податоци, Агенцијата има право да бара дополнителни документи и информации како основ за донесување на одлука.

Верификација на веродостојноста на податоците содржани во Барање за користење на средства вршат овластени лица на Агенцијата со контрола на лице место.

Рангирањето се врши на сите комплетни и соодветни барања за користење на средства согласно приложените табели за рангирање по пооделни мерки.

Финансиската поддршка ќе се одобри за сите комплетни и соодветни барања за користење на средства во рамките на расположливите средства по мерка врз основа на извршена административна и контрола на лице место.

Не комплетните, не соодветни како и барања за користење на средства кои имаат помал број на поени во однос на расположливите средства по мерка, ќе бидат одбиени со Решение.

Со корисникот чие барање за користење на средства е одобрено се потпишува Договор во рок од 30 дена од денот на добивањето на Решение за одобрување на средства од ИПАРД Програмата.

Корисниците не смеат да започнат со реализација на инвестицијата пред потпишување на Договор за користење на средства со Агенцијата, со исклучок на активностите поврзани со општите трошоци (изработка на деловен план, технички предлог проект, физибилити студија, архитекти, проектна документација).

Согласно Договорот за финаниска поддршка корисникот има право да побара исплата на авасни средства во висина до 50% од вредноста на одобрената финансиска поддршка во рок не подолг од 60 дена од денот на потпишување на Договорот за финансиска поддршка. Барањето за исплата на авансни средсатва е унифициран образец кој е достапен за подигнување во просториите на Агенцијата и од веб страната www.ipardpa.gov.mk.

Со цел одобрување и исплата на авансни средсатва корисникот Во прилог на барањето за исплата е обврзан да достави банкарска гаранција во висина од 110% од износот на авансот. Износот за кофинансирање на инвестицијата ќе биде намален со износот на авансното плаќање при финалната исплата на средства.

Откако ќе биде завршена инвестицијата, крајниот корисник треба да достави барање за исплата. Барањето за исплата е пропратен документ на договорот потпишан помеѓу корисникот и Агенцијата. Заедно со барањето за исплата треба да се достави и останатата документација поврзана со направените трошоци (фактури,извод од банка) и останати документи наведени во самото барање за исплата. Документите кои ќе бидат доставени од страна на корисникот треба да бидат заверени со потпис и печат од органот/фирмата која ги издава и со потпис на корисникот (и печат - кога корисникот е правно лице).

Барање за исплата е унифициран образец кој што крајните корисници го добиваат при потпишување на договорот, за секоја мерка поединечно. Барањата за исплата исто така ќе бидат достапни за подигнување во просториите на Агенцијата и од веб страната на Агенцијата.

Барањата за исплата се доставуваат согласно временскиот рок даден во договорот. Корисникот е обврзан своерачно или електронски да го пополни барањето за исплата и да ги наведе фактурите/про-фактурите кои ги доставува до Агенцијата, притоа наведувајќи за која мерка и тип на инвестиција го поднесува истото.

Проверката на финансиската документација се извршува исклучиво на оригинали или копии заверени на нотар при што во случај да се доставени оригинални документи во текот на постапката за одобрување на исплата Агенцијата е должна да ги врати назад оригиналите до крајниот корисник. Истите ќе бидат означени со печат на Агенцијата како би се избегнало понатамошно двојно финансирање.

Доколку документите кои се пропратни кон барањето за исплата се достават после рокот, барањето ќе биде целосно или делумно одбиено и договорениот износ на финансиска поддршка нема да биде исплатен целосно или делумно.

Доколку се настанати промени во барањето за исплата т.е се набават активности кои не се предмет на договорот, а притоа не е поднесено барање за анекс на договор, истото барање нема да биде исплатено, или ќе биде делумно исплатено во зависност од ефектот кој настаната промена ќе го има врз целокупната инвестиција која е предмет на договорот.

Доколку корисникот не се придржува кон одредбите од договорот кои се однесуваат на рокот на реализација на инвестицијата, треба да се има во предвид дека сите активности настанати пред потпишување на договорот со Агенција (освен општите трошоци) нема да се дел од финансиската поддршка. Исто така сите набавени и исплатени активности после рокот на реализација на инвестицијата или во рокот на доставување на барањето за исплата нема да бидат предмет на финансиска поддршка или врз истите ќе биде применет систем на санкции согласно Закон за осовнање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и Договор за финансиска поддршка.

После административната проверка доколку барањето за исплата е комплетно и соодветно, предметот ќе биде проверен на лице место од страна на овластени лица на Агенцијата кои имаат за цел да ја проверат реализацијата на инвестицијата во целост и во согласност со договорот. По извршената контрола на лице место, ќе биде изработен извештај во кој детално ќе биде опишана фактичката состојба утврдена на лице место. Истиот треба да биде потпишан од страна на лицата кои ја вршат контролата и од самиот корисник или овластено лице од страна на корисникот. Во случај на забелешка на извршената контрола, корисникот има право истата да ја наведе во извештајот.

После извршената контрола, доколку се констатира дека инвестицијата е реализирана во целост и во согласност со договорот, се продолжува со постапката за

одобрување на исплата. Доколку се констатира неусогласеност на процесот на реализација на инвестицијата во целост и во согласност со договорот се продолжува постапката за одбивање на барањето за исплата.

Откако ќе биде одобрена исплатата, Агенцијата издава Решение за одобрување на исплата. Доколку биде одбиено барањето за исплата, Агенцијата издава Решение за одбивање.

Со решението крајниот корисник ќе биде известен за сумата која му е одобрена т.е одбиена.

Сите одобрени и исплатени инвестиции ќе бидат предмет на контрола во период од 5 години после извршената исплата со цел да констатира оддржливоста и непроменетоста на инвестицијата согласно договорот.

Сите исплатени инвестиции ќе бидат објавени на веб страната на Агенцијата со цел да се запази одредбата за транспарентност на постапката, а притоа ќе бидат запазени одредбите за заштита на личните податоци на сите корисници на средствата од ИПАРД Програмата.

ПРИЛОГ: ДЕТАЛНА ЛИСТА НА ПРИФАТЛИВИ ТРОШОЦИ ЗА МЕРКА 1 И МЕРКА 7

| **Детална листа на прифатливи трошоци за мерка 1 - Инвестиции во основни средства на земјоделски стопанства** | | |
|---|---|---|
| *Бр.* | *Прифатливи трошоци* | *Опис* |
| 1. | **Набавка на нова земјоделска опрема и механизација за растително производство**<br>– Трактори со максимална моќност врз основа на обемот и природата на дејноста, мотокултиватори и приклучна механизација;<br>– опрема и механизација за подготвителни активности при обработка на земјата;<br>– садење;<br>– набавка на повеќегодишни растенија;<br>– наводнување, одводнување и одгедување на земјоделски култури;<br>– опрема за берба (исклучувајќи комбајни);<br>– опрема за контрола и заштита. | Трактори, мотокултиватори, фрези, плугови, ротофрези, ротобрани, дискови брани, редосеалки, ѓубрерастурачи за минерални ѓубрива, депозитори за семе и ѓубриво, култиватори, расадосадачки, опрема за рамнење, дупчалки за садење, кримлери/ сетвоспремачи.<br>Ѓубрерастурачи за арско ѓубре, прскалки, атомизери, опрема за систем за наводнување (капка по капка, подземно наводнување, микропрскалки, наводнување со оросување или комбинација од нив (пумпи за вода, базени, танкови, резервоари, филтри, опрема за дистрибуција на вода, опрема за ферт-иригација, опрема за автоматско дозирање на вода за наводнување), кроење, чистачи на плевел.<br>Косилки, сенопревртувачи, сенобалирачка, силажни комбајни, собирач на пченка, копач, компироводачка, берачи за морков, домат, шеќерна репка, грозје и овошје, косачка за сено, машини за грубо рамнење/чистење на почва, сортирачка, калибратор.<br>Опрема за транспорт на овошје и зеленчук (бокс палети, пластични контејнери, освен гајби кои не се за повеќекратна употреба) |

| | | |
|---|---|---|
| | | Опрема за мерење на внатрешна и надворешна температура, влажност на почва и воздух, опрема за анализа на почва и стерилизација.<br>Заштитни мрежи и покривки, опрема за заштита од птици, опрема за заштита од гром и опрема за заштита од измрзнување.<br>Противградобијна опрема, опрема за расадување, складирање и манипулација на саден материјал.<br>Опрема и машини за безпочвено одгледување .<br>Опрема за подготвување и мешање на ѓубрива, супстрати, производи за заштита на растенијата итн. |
| 2. | Садење/обновување на повеќегодишни култури (исклучувајќи ги семињата) | Садниот материјал треба да биде во согласност со Annex I од Директивата на Советот на ЕУ 2008/90ЕС (https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/ALL/?uri=CELEX%3A32008L0090 или Законот за вино или Општиот каталог на сорти на вино и сорти на винова лоза и подлоги на ЕУ. |
| 3. | Набавка на механизација за сектор сточарство<br>– Трактори со максимална моќност која не надминува 100 KW врз основа на обемот и природата на дејноста (види Прилог 1 од Листата на прифатливи трошоци );<br>– мотокултиватори и приклучна механизација;<br>– опрема и механизација за подготвителни активности при обработка на почвата;<br>– садење;<br>– наводнување, одводнување и одгледување на растенија;<br>– опрема за берба (исклучувајќи комбајни);<br>– опрема за контрола и заштита;<br>– опрема за одгледување на животни;<br>– опрема за одгедување на риба. | Трактори, мотокултиватори, фрези, плугови, ротофрези, ротобрани, дискови брани, редосеалки, ѓубрерастурачи за минерални ѓубрива, депозитори за семе и ѓубриво, култиватори, расадосадачки, опрема за рамнење, дупчалки за садење, кримлери/сетвоспремачи, ѓубрерастурачи за арско ѓубре, прскалки, атомизери, опрема за систем за наводнување (капка по капка, подземно наводнување, микропрскалки, наводнување со оросување или комбинација од нив (пумпи за вода, базени, танкови, резервоари, филтри, опрема за дистрибуција на вода, опрема за ферт-иригација, опрема за автоматско дозирање на вода за наводнување), кроење, чистачи на плевел, косилки, сенопревртувачи, сенобалирачка косачки за фураж, собирач на пченка, копач, косачка за сено, машини за грубо рамнење/чистење на почва, сортирачка, калибратор.<br>Опрема за мерење на внатрешна и надворешна температура, влажност на почва и воздух, опрема за анализа на почва и стерилизација.<br>Опрема за одгледување на животни и слатководна риба (размножување, карантин, карантин за отстранување на животински трупови итн.).<br>Опрема за исхрана и напојување, опрема за молзење и систем за измолзување, автоматски или подвижни агрегати за молзење, опрема за чистење и управување и складирање на шталско ѓубриво, вклучувајќи опрема за манипулација за сено и силажа (елеватори), опрема за производство на сточна храна (мелници, опрема за мешање на |

| | | |
|---|---|---|
| | | храната, мешалки, итн.), опрема за мерење на тежина, опрема за ветеринарен преглед и опрема за складирање на ветеринарно-медицински препарати. |
| *Прифатливи трошоци кои се однесуваат на сите приоритетни сектори* | | |
| *Бр.* | *Прифатливи трошоци* | *Опис* |
| 4. | **Градежни материјали и елементи за изградба на нови објекти или реконструкција и адаптација на постоечки објекти (згради и инфраструктура за целосно функционален капацитет), како и пластеници/стакленици, без почвено одгледување и други иновативни системи на производство.**<br><br>– За инсталација на соодветната опрема;<br>– достигнување на стандарди за заштита на животната средина;<br>– обезбедување на хигиенски и санитарни услови;<br>– достигнување на стандарди за благосостојба на животните;<br>– обезбедување на административен простор;<br>– скалдирање на храна и силажа;<br>– помошни простории (за складирање, гаражи, итн.);<br>– обезбедување на пристап на фарма, уредување и оградување;<br>– постбербени активности, преработка на фарма и директен маркетинг на сопственото земјоделско производство. | Сите материјали кои се користат за изградба на подови, ѕидови и тавански површини, како и сите премази и сврзни смеси кои се користат во капацитети за примарно земјоделско и рибно производствоза преработка и директен маркетинг сопствени земјоделски и рибни производи на ниво на земјоделско стопанство, капацитети за складирање на инпути и финални производи, капацитети за производство на енергија од обновливи извори за сопствено производство, како и административни објекти, лабораториски и санитарни уредувања и инфраструктура кои се однесуваат на производните активности се прифатливи за поддршка. Облоги за ѕид, таван и под, ѕидни и тавански панели, цевки, врати, прозорци, системи за греење и вентилација (климатизација и воздушно прочистување), одвод, канализација, третман на отпад и системи за валоризација на отпад, Елементи за конструкција за водовод и електрична енергија (вклучувајќи генератори) вклучувајќи практики за заштеда на енергија и користење на обновливи енергии и инсталација за електрична енергија, доводен и канализационем систем, пумпна станица, артеска бушотина и бунар Столбови направени од дрво, челик, бетон или друг материјал, сидра за заземјување на инсталацијата и ремените, поцинкован челик, жица, рамки изработени од метал, пластични облоги.<br>Градежни материјали/компоненти за пластеници/стакленици и/или безпочвено одгледување (пластична фолија или панели, треба да бидат за повеќегодишно користење со минимум 200µm).<br>Градежни материјали/компоненти за пристапни патишта и воспоставување на патна мрежа, уредување и оградување на простор. |
| 5. | **Набавка на опрема за пост - бербени активности, преработки на фарма и директен маркетинг на фарма за сопствено производство:** | Опрема за прием, собирање и складирање.<br>Опрема за подготовка за сортирање, чистење, миење, сушење, дезинфекција, премачкување со восок, класирање, ладење, отстранување на оштетени плодови, детектирање на метал и стакло или други цврсти материјали. |

| | | |
|---|---|---|
| | – Житарици, мелнички производи и производи од скроб;<br>– Овошје и зеленчук вклучувајќи и компири, печурки и мешункасти растенија;<br>– Шира од грозје, сок од грозје, вино други ферментирани пијалоци, алкохолни пијалоци и оцет;<br>– Растителни и животински масла и масти;<br>– Јајца, месо и месни производи;<br>– Млеко и млечни производи;<br>– Риба и рибни производи;<br>– Производство на сточна храна. | Опрема за пред ладење, ладење и замрзнување.<br>Опрема за сечење, мелење и подготовка за преработка.<br>Опрема за де-аерација, сепарација, хомогенизација, пастеризација и стерилизација.<br>Резервоари, танкови, Опрема за конзервирање, сушење, дехидрација, замрзнување.<br>Опрема за полнење, пакување и етикетирање.<br>Опрема за зашеметување, навлажнување, загревање и вадење на внатрешни органи, опрема за сечење и вадење на коски.<br>Опрема за манипулација, товарање и растоварање, виљушкари, подвижни ленти и опрема за мерење на тежина.<br>Опрема за следење на квалитет, контрола и систем за следливост на прием, складирање и дистрибуција.<br>Опрема за третман на отпад, валоризација, манипулација и складирање.<br>ЦИП опрема за чистење, опрема за преработка, мелачи на грозје, опрема за филтрирање (филтри), пумпи танкови за ферментација и стабилизација, опрема за дестилација, преса за добивање на шира, танкови за зреење, резервоари за складирање и буриња.<br>Опрема за подобрување на стандардите за благосостојба на животните како што се обезбедување на редовен пристап до свежа вода, хранење, сместување на животните пред колење, чистење на арско ѓубре итн. |
| 6. | Набавка на опрема за производство на енергија од обновливи извори за сопствена потрошувачка | Опрема за производство на енергија преку:<br>• Преработка на растителна биомаса за производство на биогас и/или биогорива.<br>• Сончева енергија,<br>• Ветерници,<br>• Геотермална енергија итн. |
| 7. | Работи и услуги | Сите потребни работи и услуги поврзани со реализацијата на инвестиционот проект:<br>• Уривање и демонтирање,<br>• Подговотка на теренот,<br>• Градежни работи,<br>• Реконструкција,<br>• Занаетчиски работи,<br>• Инсталациски работи,<br>• Транспорт и монтажа,<br>• Подготовка на земјиштетото и пристапни патишта,<br>• Садење и расадување. |

| | | |
|---|---|---|
| 8. | **Набавка на специјализирани транспортни резервоари и приколки за суровини и готов производ** | Земјоделски приколки, цистерни за млеко, разладни резервоари, приколки за превоз на живи животни и живина, транспорт на ѓубриво, опрема за транспорт на биомаса, опрема за транспорт на овошје и зеленчук (бокс палети, пластични контејнери, освен гајби кои не се за повеќекратна употреба) итн. (поврзани само со прифатливите производни активности). |
| 9. | **Компјутерска опрема** | Компјутерска опрема и софтвер, вклучувајќи и сензори и видео надзор (поврзани со прифатливата опрема и производни активности). |
| 10. | **Општи трошоци** | Подготовка на техничката документација, градежни планови и помошни студии, пресметка на трошоци, анализи, пазарни анализи, подготовка на оцена на животната средина, управување со проекти<br>• Архитекти,<br>• Инженери,<br>• Консултанти итн.<br>Стекнување со патентни права и лиценци,<br>Системи за управување:<br>• ISO<br>• HACCAP<br>• GAP (Добра земјоделска пракса)<br>• GMP (Добри производствени практики)<br>Јавни и информативни материјали<br>• Билборди,<br>• Плакети,<br>• Налепници<br>Покрај тоа, трошоците поврзани со колективните инвестиции може да се прошират и за:<br>– Студии за спецификација за хигиенски стандарди и начинот на производство на квалитетни производи;<br>– Студија за развој на производи и маркетинг за нови производи или слични студии за други производи;<br>– Трошоци за анимација не повеќе од 10% за воспоставување и водење на кратки синџири на храна на одреден производ доставен до локален супермаркет. |

| Детална листа на прифатливи трошоци за мерка 7 – Диверзификација на фарми и развој на бизниси | |
|---|---|
| *Прифатливи трошоци* | *Опис* |
| **1. Набавка на повеќегодишни дрвја и растенија (со исклучок на семиња, саден материјал и мицелиум), зачински и ароматични растенија.** | Декоративни повеќегодишни растенија и дрвја, медоносни повеќегодишни растенија и дрвја. Нискостеблести растенија и останати брзорастечки дрвја (за производство на био-енергија).<br>Дрвја за дрвна маса, украсни растенија и дрвја, зачински и ароматични растенија. |
| **2. Набавка на нова земјоделска механизација и опрема за алтернативно земјоделско производство:**<br>– мотокултиватори и приклучна механизација,<br>– машини и опрема за подготовка на почва,<br>– садење,<br>– наводнување, одводнување и одгледување на земјоделски култури,<br>– комбајни,<br>– опрема за контрола и заштита,<br>– опрема за одгледување на животни. | Мотокултиватори, фрези, ротофрези, плугови, ротобрани, дискови брани, редосеалки, ѓубрерастурачи за минерални ѓубрива, депозитори за семе и ѓубриво, култиватори, расадосадачки, опрема за рамнење, дупчалки за садење, кримлери/ сетвоспремачи, ѓубрерастурачи за арско ѓубре, прскалки, атомизери, системи за наводнување капка по капка, опрема за наводнување (суб-иригација), микро-прскалки и опрема за наводнување со замаглување (пумпи за вода, базени, резервоари за вода, филтри), опрема за дистрибуција на вода, опрема за наводнување со ѓубрење (ферт-иригација), опрема за автоматско дозирање на вода за наводнување, косачки, сенопревртувачи, балирачки, косачки за фураж, комбајни, опрема за утоварање, сецкалки за био-маса (добиена од земјоделски култури), машини за прочистување на зрно, калибратори и машини за грубо рамнење/чистење на почва. Опрема за надворешно и внатрешно мерење на температура, влага во почва, влажност на воздух, стерилизација на почва иипситување на почва. Заштитни мрежи и покривки, опрема за заштита од птици и заштита од гром. Опрема за подготовка и мешање на ѓубрива, подлоги, производи за заштита на растенијата итн.<br>Опрема за транспорт на овошје и зеленчук (бокс палети, пластични контејнери, освен гајби кои не се за повеќекратна употреба).<br>Опрема за одгледување на животни (размножување, карантин, карантин за остранување на животински трупови итн.).<br>Опрема за исхрана и напојување, опрема за чистење и управување и складирање на |

| | |
|---|---|
| | шталско ѓубриво, вклучувајќи опрема за манипулација за сено и силажа (елеватори), опрема за производство на сточна храна (мелници, опрема за мешање на храната, мешалки, итн.), опрема за мерење на тежина, опрема за ветеринарен преглед и опрема за складирање на ветеринарно-медицински препарати. Опрема за пчеларство, производство на мед и други пчелни производи. Приколки за транспорт на сандуци за одгледување на пчели. |
| **3. Набавка на нови машини и опрема за преработкана на алтернативни земјоделски производи и пијалоци (не поддржани во мерките 1 и 3) и производство на храна** (Опрема за прерабувачки операции - од суровина до готов производ)<br>– преработка и маркетинг на печурки и тартуфи;<br>– колење, преработка и маркетинг на зајачко месо;<br>– преработка и маркетинг на полжави;<br>– колење, преработка и промет на птици за месо – патки, гуски, мисирки, тетреби, ноеви и ему и бисерки;<br>– маркетинг (класирање, пакување, етикетирање итн.) на јајца од - патки, гуски, мисиркини, тетреби, ноеви и ему и бисерки;<br>– колење, преработка и маркетинг на дивеч;<br>– преработка и маркетинг на мед и пчелни производи;<br>– производство на прехранбени производи и пијалоци согласно Законот за безбедност на храната, кои не се прифатливи за поддршка по мерка 1 и мерка 3. | Опрема за прием, собирање и складирање. Опрема за подготвителни операции за сортирање, чистење, миење, сушење, дезинфекција, гланцирање, сортирање, ладење на оштетени култури, детектори за метал и стакло или други цврсти материјали. Опрема за пред-ладење, ладење и замрзнување. Опрема за сечење, мелење и подготовка за преработка. Машини и опрема за производни, линии/постројки за производство на храна. Опрема за филтрирање, де-аерација, ферментација, дестилација, стабилизација, сепарација, хомогенизација, пастеризација и стерилизација, дробилки за, пумпи, филтри и компресори, резервоари танкови, преси, резервоари за зреење и складирање, дрвени буриња. Индустриски миксери. Машини и опрема за производствени линии / постројки за производство на пијалоци.<br>Опрема за конзервирање, сушење, дехидрација, замрзнување. Опрема за полнење, пакување и етикетирање. Опрема за зашеметување, навлажнување, загревање и вадење на внатрешни органи, опрема за сечење и вадење на коски. Опрема за мешање, печење, пржење и оформување. Опрема за пакување и етикетирање на готовите производи, вклучувајќи и складирање. Лабораториска опрема и апарати за анализа на производот. Опрема за манипулација, товарање и растоварање, виљушкари, транспортни приколки, контејнери, палети, приколки за транспорт со разладување, подвижни ленти, опрема за мерење на тежина. Опрема за следење на квалитет, контрола и систем за следливост на прием, складирање и дистрибуција. Опрема за |

| | |
|---|---|
| | третман на отпад, валоризација, манипулација и складирање. ЦИП опрема за чистење.<br>Опрема за подобрување на стандардите за благосостојба на животните, како што се обезбедување на редовен пристап до свежа вода, хранење, сместување на животните пред колење, расчистување на арско ѓубре, итн.<br>Опрема за преработка и маркетинг на мед и пчелни производи. |
| **4. Набавка на нови машини и опрема за преработка на не-прехрамбени производи.**<br>(Опрема за преработувачки операции - од суровина до готов производ согласно Анекс 14: Листа на активности за не-прехрамбени производи прифатливи во мерка 7). | Машини и опрема за подготовка и складирање на суровини. Машини и опрема за производство на мебел. Опрема за обработка на дрво и производи од дрво. Опрема за обработка на минерали и минерални производи. Опрема за обработка на метали и метални производи. Опрема за преработка на неметали. Опрема за подготовка на храна за домашни миленици. Опрема за преработка на хартија и производи од хартија. Опрема за производство на етерични масла. Опрема за производство на парфеми и тоалетни препарати. Опрема за производство на текстил и облека. Опрема за производство на кожа и кожни производи. Опрема за производство на гума, пластика и производи од гума и пластика. Опрема за производство на велосипеди и инвалидски колички. Опрема за производство на други транспортни средства. Опрема за производство на накит и сродни производи. Опрема за производство на музички инструменти. Опрема за производство на спортска опрема. Опрема за производство на играчки. Опрема за производство на компјутерски, електронски и оптички производи Опрема за пакување и етикетирање на готовите производи, вклучувајќи складирање.<br>Лабораториска опрема и апарати за анализа на производот. Опрема за манипулација, товарање ирастоварање, виљушкари, транспортни приколки, контејнери, палети, приколки за транспорт со разладување, подвижни ленти, опрема за мерење на тежина. Опрема за следење на квалитет, контрола и систем за следливост на прием, складирање и дистрибуција. Опрема за третман на отпад, валоризација, |

| | |
|---|---|
| | манипулација и складирање. ЦИП опрема за чистење. |
| **5.Набавка на нови машини и опрема зазанаетчиски активности.**<br>(Опрема за вршење на прифатлива занаетчиска дејност).<br>– Само за активности кои се регистрирани во "Правилникот за определување на активности кои може да се вршат од страна на занаетчии". | Опрема за прием, собирање и складирање. Опрема за електро - машински активности. Опрема за сеча и обработка на дрво. Опрема за производство на текстил. Опрема за производство на прехрамбени производи. Опрема за производство на метални и неметални производи. Опрема за производство на хартија. Опрема за производство на ракотворби и друга опрема за производство на ракотворби од прифатливи занаетчиски дејности. Опрема за пакување и етикетирање на готови производи вклучувајќи и складирање. |
| **6. Набавка на машини и опрема за обезбедување на услуги во руралните средини:**<br>– Сервиси за поправка и одржување;<br>– Услуги за просторно уредување;<br>– Услуги за нега на домашни миленици;<br>– Услуги за нега на лица (домови за стари лица, домови за рехабилитација, итн);<br>– Услуги за целодневна нега на деца;<br>– Центри за обука и едукација за било која професија, хобија или за цели поврзани со сопствениот развој, спорт и рекреација, услуги за поддршка на образованието, ИТ центри;<br>– Транспортни услуги;<br>– Кино, локални радио станици. | Машини, опрема и алати за поправка и одржување на не-земјоделски машини и моторни возила (автомобили, камиони, автобуси, мотоцикли, итн). Машини, опрема и алати за поправка и одржување на предмети за лична употреба: велосипеди, облека, спортска опрема (освен спортски пушки) и опрема за кампување, книги, музички инструменти (со исклучок на оргули и историски музички инструменти), мебел и покуќнина, играчки и слични производи за домаќинство и лична употреба. Опрема и алати за поправка и одржување на компјутери идополнителна опрема, комуникациска опрема, електроника, апарати за домаќинство и опрема за домашни градини. Машини (мали машини за копање, мини багери, мулти теренски натоварувачи, мини натоварувачи, косилки, дувалки и тримери) опрема и алати за услуги за просторно уредување (расчистување на простор, проектирање, инсталација, одржување, одржување на градини и сл.) Опрема и алати за коса и козметички услуги. Опрема и алатки кои се користат за нега на домашни миленици. Опрема за нега на лица, услуги за целодневна нега на деца. Опрема за обука и образовни центри, кино и локални радио/ телевизиски станици. Опрема за ИТ центри, опрема за транспортни услуги, опрема за кино и локални радиодифузни услуги. |

| | |
|---|---|
| 7. Набавка на нови машини и опрема за услуги за земјоделско производство:<br>– Ветеринарни услуги;<br>– Машини и опрема за одржување и поправка на земјоделска механизација;<br>– Изнајмување на земјоделска механизација, машини и опрема. | Опрема за ветеринарни услуги, хоспитализација на животни, хранење, напојување, карантин и отстранување на мрши, лабораториска опрема и апарати зaанализа на производи Мали (двоседни) возила наменети за ветеринарни услуги. Машини, опрема и алат за поправка и одржување на земјоделска механизација, машини и опрема. Земјоделски машини и опрема за примарно земјоделско производство (само за изнајмување). Трактори до 100 kW за задруги, правни лица Здружени правни лица, (само за изнајмување). Комбајни за жетва (само за изнајмување).<br><br>***Прифатливи се набавки на трактори и земјоделска механизација кои ги исполнуваат ЕУ стандарди кои се однесуваат на заштита на животната средина, особено во однос на границите на емисиите на гасови и загадувачки честички (Регулатива (ЕУ) бр. 167/2013), односно прва еколошка категорија, која ги опфаќа возилата со ниво на емисија на издувни гасови ЕУРО 5 согласно Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/08, 53/11, 123/12, 153/12, 70/13, 164/13, 138/14, 154/15, 192/15, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 87/23).** |
| 8. Набавка на нова опрема за рурален туризам. | Опрема за сместувачки капацитети/ бунгалови (Мебел, апарати и друга опрема за санитарен дел, административен дел, заеднички простории, итн). Опрема за угостителство и кујнска опрема, вклучувајќи кујнски и угостителски прибор. Опремување на рекреативни и спортски објекти, (отворени и затворени). Опрема и машини за уредување на дворови, декорација на градини, патеки, фонтани, надворешни осветлување, надворешни скари, затворени градини, летниковци, видиковци, маси и седишта за пикник, итн. |
| Прифатливи трошоци кои се однесуваат на сите приоритетни сектори | |
| *Прифатливи трошоци* | *Опис* |
| 10. Градежни материјали и елементи за изградба на нови | Сите материјали кои се користат за изградба на подови, ѕидови и тавански површини, како |

| | |
|---|---|
| **објекти илиреконструкција и адаптација на постоечки објекти (згради и инфраструктура за целосно функционален капацитет), како и пластеници / стакленици:**<br>– инсталација на соодветната опрема;<br>– достигнување на стандарди за заштита на животната средина;<br>– обезбедување на хигиенски и санитарни услови;<br>– обезбедување на административен простор;<br>– помошни простории (за складирање, гаражи, итн);<br>– кпацитети за внатрешно и надворешно сместување и за рекреативни цели;<br>– обезбедување на пристап, уредување и оградување. | и сите премази и сврзни смеси кои се користат во производството и услужните објекти прифатливи за поддршка во рамките на Мерка: "Диверзификација на фармите и развој на бизниси", како и за административен простор, пунктови за малопродажба, лабораториски и санитарни уредувања и инфраструктура за производство или услужна активност. Облоги за ѕид, таван и под, ѕидни и тавански панели, цевки, врати, прозорци, системи за греење и вентилација (климатизација и воздушно прочистување), одвод, канализација, третман на отпад и системи завалоризацијана отпад, елементи за водовод и електрична енергија (вклучително генератори) (пумпни станици, артески бунари), вклучувајќи практики за заштеда на енергија и користење на обновливи енергии. Столбови направени од дрво, челик, бетон или друг материјал, сидра за заземјување на инсталацијата и ремените, поцинкован челик, жица, рамки изработени од метал, пластични облоги Градежни материјали/компоненти за пластеници/стакленици и/или безпочвено одгледување (пластична фолија или панели, треба да бидат за повеќегодишно користење со минимум 200μm).<br>Градежни материјали/ компоненти за внатрешни пристапни патишта и воспоставување на патна мрежа, уредување и оградување на простор. |
| 11. Работни операции и услуги | Сите потребни работни операции и услуги за реализација на проектната инвестиција:<br>– Уривање и демонтирање;<br>– Подготовка на терен;<br>– Градежни работи;<br>– Реконструконструкција;<br>– Занаетчиски активности;<br>– Транспорт и монтажа;<br>– Инсталациски работи;<br>– Подготовка на земјиштето и пристапни патишта;<br>– Садење и расадување. |
| 12. Компјутерска опрема | Компјутерска опрема и софтвер, вклучувајќи сензори<br>(само за соодветната опрема и производство) |
| **13. Набавка на специјализирани транспортни цистерни и** | Земјоделски приколки, цистерни, приколки за ладење, приколки за транспорт на живи животни и живина, транспорт на ѓубриво, |

| | |
|---|---|
| **приколки за суровини и производи** | транспортна опрема за биомаса, опрема за транспорт на овошје и зеленчук. итн (поврзани само со прифатлива производна активност), |
| **14. Општи трошоци** | Подготовка на техничка документација, градежни планови, помошни студии, пресметкина трошоци, анализи, анализа на пазарот, подготовка на оцена на животната средина, управување со проекти:<br>– Архитекти;<br>– Инженери;<br>– Консултанти;<br>Стекнување на патентни права и лиценци, системи за управување со:<br>– ISO;<br>– HACCP;<br>– GMP (Добри производни пракси).<br>Публикација и информативни материјали:<br>– Билборди;<br>– Плакети;<br>– Налепници.<br>Покрај тоа, трошоците поврзани со колективните инвестиции може да се прошират и за:<br>Студии за спецификација за хигиенски стандарди и на производство на квалитетни производи;<br>– Студија за развој на производи и маркетинг за нови производи или слични студии за други производи;<br>– Трошоци за анимација не повеќе од 10% за воспоставување и водење на кратки синџири на храна на одреден производ доставен до локален супермаркет. |

ИНВЕСТИЦИИТЕ ВО СЕКТОРИТЕ ЗА ТУТУН И КОНОП НЕ СЕ ПРИФАТЛИВИ ВО РАМКИТЕ НА ИПАРД ПРОГРАМАТА.